# ПАЈОНИЈА И ПАЈОНЦИТЕ

## ИЗВОРИ • ИСТОРИЈА • АРХЕОЛОГИЈА

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

2022

# ПАЈОНИЈА И ПАЈОНЦИТЕ

## ИЗВОРИ • ИСТОРИЈА • АРХЕОЛОГИЈА

2022

| | |
|---|---|
| *Издавач* | Филозофски Факултет – Скопје |
| *За издавачот* | проф. д–р Ратко Дуев |
| *Уредници на монографијата* | проф. д–р Антонио Јакимовски<br>проф. д–р Војислав Саракински |
| *Рецензенти* | проф. д–р Ратко Дуев<br>д–р Бошко Ангеловски |
| *Лектура и коректура* | Даница Стрезовска |
| *Идејно решение и обработка* | проф. д–р Војислав Саракински |
| *Печати* | Европа 92, Кочани |
| *Тираж* | 100 |

Постојат многу трудови посветени на поединечни пројавувања од материјалната култура на Пајонците, а често се анализираат и пишаните сведоштва во кои се спомнати. Сепак, во македонската научна јавност се чувствува недостиг на една поголема, заокружена публикација која ќе понуди поширок и поисцрпен приказ на Пајонија и Пајонците, какви што ги гледаме во изворите и преку материјалните наоди. Подеталните анализи обично се објавуваат во изданија потешко достапни за пошироката јавност, или пак во стручни списанија што ги користат главно специјалисти. Повеќе важни трудови се објавени – како извештаи од ископувања, или пак како сумарни прикази – во гласниците на локални музеи. Згора на сè, тие често зафаќаат само еден дел од материјалните наоди, а поретко нудат толкување на пишаните извори, па затоа и не можат да го покријат целосниот општествен и политички контекст, особено во т.н. историско време.

Од тука произлезе идејата за „Пајонија и Пајонците“, монографија наменета на археолозите, историчарите на антиката, класичните филолози, и воопшто сите истражувачи заинтересирани за еден поширок приказ на пајонската проблематика – од првото пројавување на специфична и самостојна пајонска материјална култура, преку раниот историски период, во кој Пајонците првпат се јавуваат во пишаните извори, па сè до конечното паѓање на Пајонија под македонска власт и слегувањето на Пајонците од историската сцена.

Оваа монографија е органски составен збир од интердисциплинарни трудови, во кои се толкуваат литературни и наративни сведоштва, се анализираат најважните археолошки наоди и се прикажуваат најновите достигања во пајонската нумизматика и епиграфија. Секој труд опфаќа различна тема и има сопствен методолошки пристап; сепак, сите трудови еднакво ги исцртуваат определниците за секое идно истражување на пајонската проблематика: потребата податоците да се разгледуваат во соодветен историски и историографски контекст; пишаните сведоштва и материјалните наоди најпрвин да се протолкуваат и, ако е можно, целосно да се расчистат, па дури потоа да се користат како основа за претпоставки; и, најпосле, археологот, историчарот и филологот еднакво да внимаваат на материјалните наоди во обидот да ги реконструираат главните интеракции и процеси во самостојната историја на Пајонците.

Веројатно најважната цел на оваа монографија се состои во намерата податоците, собрани во ваков облик, да поттикнат и охрабрат нови истражувања, со кои уште подлабоко ќе се проникне во историјата и културата не само на Пајонците, туку и на ним соседните балкански племиња и народи. Се надеваме дека, од сите поставени цели, токму оваа ќе биде најбрзо и најцелосно исполнета.

Уредниците

# СОДРЖИНА

9 Пајонците во пишаните извори до времето на Филип II
Војислав Саракински

39 Пајонците во пишаните извори од владеењето на Филип II до смртта на Дропион
Стефан Пановски

75 Погребните ритуали на пајонскиот простор во периодот на транзиција од бронзеното во железно време
Александра Папазовска

111 Пајонската култура: генеза и развој
Драги Митревски

163 Керамичка продукција по долината на Вардар од VII до IV век п.н.е.
Силвана Блажевска

197 Пајонските градови преку новите археолошки откритија
Марјан Јованов

215 Пајонска нумизматика
Антонио Јакимовски, Александар Илиевски

295 Македонската стратегија Пајонија
Виктор Лилчиќ Адамс

367 Епиграфски споменици од Пајонија во римско време
Славица Бабамова

407 Кружната-толос просторија во владетелската палата на Билазора (прилог кон пајонската религија)
Јовица Илиев

427 Реконструкција на античкиот храм во Билазора
Кирил Денковски

# МАКЕДОНСКАТА СТРАТЕГИЈА ПАЈОНИЈА

## Виктор Лилчиќ Адамс

### I ВОВЕД

Кога и како независното кралство Пајонија станало составен дел на античкото кралство Македонија, под називот Стратегија Пајонија? Одговорот на ова прашање е несомнено поврзан со осознавање на карактерот и функцијата на големиот број археолошки локалитети во широкиот простор на горното течение на реката Аксиј / Вардар, долината на реката Астибос / Брегалница, долното течение на реката Еригон / Црна Река, и горното течение на реката Струмешница.

Историските извори како значаен сегмент од проблемот беа елаборирани најмногу од страна на професор д-р Фанула Папазоглу.[1] Археолошките истражувања беа реализирани најмногу од страна на професорите Иван Микулчиќ и Виктор Лилчиќ Адамс, со соработниците, во последните децении на XX век и првите две децении од XXI век. Значајни се и резултатите од поголем број археолошки истражувања на разни авторитети кои истражувале поедини локалитети, и чиишто податоци ќе бидат наведени во овој труд. Во овој контекст би нагласил дека ниту еден од авторитетите археолози, па ниту И. Микулчиќ, не се занимавале, ниту пак активно се занимаваат специјално со темата за македонската стратегија Пајонија. И. Микулчиќ се концентрираше на пајонските градови, обидувајќи се да ги убицира на терен малкуте од нив што се споменати во историските извори.[2] Ми беше големо задоволство што активно го придружував и му асистирав на терените од август 1975, некаде до 1993 година. Можам да кажам дека во 1994 година се заинтересирав за проблемот на експанзијата на античкото кралство Македонија кон север. Работејќи со мојот колега и пријател Никола Шелдаров на текстот за студијата *Кралевите на античкото кралство Македонија и нивните монети во Република Македонија*, ме заинтригира немањето археолошки податоци за анектирањето на античкото кралство Пајонија кон античкото кралство Македонија од страна на кралот Филип V.[3] Во текот на наредните две децении сериозно се посветив на теренските истражувања, така што до денес успеав да ги посетам, да ги истражам со методот на археолошкото рекогносцирање и да ги документирам сите, или речиси сите фортификации од раната антика на наведената територија.[4]

---

[1] Папазоглу Ф., 1957; Papazoglu F., 1965; Papazoglou F., 1988.

[2] Микулчиќ, И. 1999, како и голем број студии поврзани со територијата на Пајонија.

[3] Шелдаров Н, Лилчиќ (Адамс) В., 1994.

[4] Со мене беа, или ми помогнаа посредно или непосредно, многу колеги археолози, пријатели; членовите на моето најблиско семејство – мојата сопруга Јелена Лилчиќ (археолог), мојот сега покоен син Саша

Моите истражувања во континуитет од 1975 година до денес беа претежно исцрпувачки, како во физичка смисла на долгите марширања, приоѓања, искачувања на големиот број ридести, планински позиции каде што се наоѓаат утврдените градови и кастели, така и во поглед на самата методологија на документирањето на фортификациските рамки и објекти. Тоа беа, и сè уште се, беспоштедни битки за пристигање на археолошкиот „мегдан", битки со дивата вегетација, со буквално пролевање крв на секој локалитет, така што не можам да се согласам со лефтерната констатација на В. Соколовска, дека „ [...] во најново време В. Лилчиќ го обиколил регионот [...] "[5]. Освен тоа, јас и археолозите со кои „војувавме", и оние кои останаа да „војуваат" со мене, ја имаме реалната опсервација на состојбите на локалитетите со цивилизациски карактер; слободно можам да кажам дека спасуваме голем број движни наоди од терените каде евидентно се зголемува бројот на дупките од страна на илегалните трагачи, чиј број од ден на ден расте.

Поголемиот број антички градови споменати во историските извори се оптимално убицирани. Освен тоа познати се и античките магистрални и споредни патишта. Имајќи ги предвид резултатите од моите истражувања во текот на неколку последни децении на оваа тема, тука ќе презентирам една ограничена, засега прелиминарна слика на темата македонска стратегија Пајонија.

На просторот на Пајонија во периодот на последните две децении од III и првата половина од II век пред н.е. се случувале големи промени. Животот на пајонските заедници бил испрекинуван: најнапред, уште на почетокот од III век пред н.е. навлегле Келтите; константно се случувале нападите на Дарданците од север, а од североисток

---

Лилчиќ (археолог). Благодарам на колегите професори д–р Антонио Јакимовски, д–р Марјан Јованов, на голем број соработници археолози и други колеги. Благодарам на конкретна или логистичка поддршка на: Трифун Костовски, Ѓунер Исмаил, Стевче Јакимовски, Благоја Стефановски, Цоне Крстевски, Никола Груевски, Паско Кузман. Благодарам на моќните археолошки професионалци, моите соработници на теренските истражувања: Игор Ширтовски (археолог), м–р Александар Илиевски (археолог), Јовица Илиев (археолог), Петар Ристовски (археолог), Горан Тренески (археолог). Благодарам на поддршката од страна на Министерството за култура речиси секоја година, до 2019 година.

Благодарам на Џули Бубев, Живан Рендев, Пете Радев, Александар Пасков, Горан Тренески, Димитри Морарџалиев, како и поголема група Македонци од Австралија и светот кои ја овозможија неопходната поддршка за теренски проверки и истражувања на нашиот Алфа археолошки тим кој реализира редовни, речиси целогодишни археолошки истражувачки теренски експедиции во текот на 2020 и 2021.

[5] На Соколовска В., 2014, 16, очигледно методот на археолошко рекогносцирање не ѝ е доволно познат, што е нормално бидејќи никогаш не рекогносцирала вистински. Во оваа конотација слободен сум да забележам дека рекогносцирањата не се лефтерна, како што таа ја замислува и квалификува, *обиколка на регионот*, туку станува збор за темелна и сериозна археолошка активност во која што го вложив целиот мој живот и во која што водев и сè уште водам екстремно напорни, тешки истражувачки битки со локалните селски и планински приодни патишта, височините, вегетацијата, климата и т.н., за истражување и документирање на недвижните и движните остатоци на терен. Резултатите од рекогносцирањата претставуваат не само праг, туку и воведен ходник кон ископувањата: врз база на резултатите од рекогносцирањата може да се согледаат состојбите на територии, градови, утврдувања и т.н.; да се потпираат или негираат податоците од историските извори. Рекогносцирањата се релативно поефтини археолошки активности од археолошките ископувања; освен тоа, во состојбите кога веќе половина век во Македонија се трага, се открива и се разнебитува археолошкото наследство од страна на илегални трагачи, секоја археолошка акција со рекогносцирање е добредојдена да спаси и да го зачува за науката и културата она што останало на површината во длабочина до 25 сантиметри. За жал, како археолошка фела далеку потфрливме во изминатите пет децении на ова поле, при што може да се рече дека многу битки се загубени.

на Медите, кои аспирирале да ја заземат Пајонија. Но, да ги погледаме состојбите на терен.

Најнапред изнесувам список на антигонидски и други фортификации во поедини пајонски области со кус коментар за нивниот распоред, функции и улоги во одредени моменти од IV, III и II век пред н.е.[6]

Во овој текст ги претставувам сите најзначајни познати фортификации, поретко и населбите од отворен тип, долж позначајните патни комуникации, оние што биле во некаков контекст со патот, реката и блиска поголема фортификација. Ги опишувам двете патни траси што воделе долж двата брега на реката Аксиј / Вардар, потоа патот долж реката Еригон / Црна Река, патот долж Беловодичка Река кон Пелагонија, патот долж реката Бабуна, патот од валандовскиот крај преку струмичко, радовишко кон градот Астибос / Штип (карта, сл. 1). Следејќи ги патиштата, јасно е дека некои од фортификациите излегуваат од рамките на древната македонска стратегија Пајонија.

## II ДОЛИНАТА НА РЕКАТА АКСИЈ / ВАРДАР

**Антигонидски, можни антигонидски кастели / бази и други утврдувања на десниот брег на Аксиј, од Гевгелија – Демир Капија - Тремник**

1. Вардарски Рид, КО Гевгелија, град Гортинија
2. Туфка, КО Смоквица
3. Мрамор, КО Милетково
4. Раклата, КО Давидово
5. Градиште Голема Јаворица, КО Демир Капија
6. Кула над Постралец и Дол Постралец, КО Демир Капија
7. Клисурско Маало / Бања / Болница, КО Демир Капија, Град Стена
8. Рамниште, КО Демир Капија
9. Горни Краставец, КО Демир Капија

Прастар магистрален пат водел долж десниот (западниот) брег на реката Аксиј / Вардар, од Гевгелија на север, при што од областа Амфакситида низ Демиркаписката Клисура, кај Демир Капија, патот влегувал во Пајонија.

Уште на почетокот од патот во Република Македонија, на **Вардарски Рид, Гевгелија** израснал голем антички град, со зачетоци од доцниот бронзен период.[7] Неговата максимална површина мерела околу 14.8 хектари. Градот бил систематски истражуван од 1995 година, со прекини, до околу 2000 година.[8]

Д. Митревски регистрирал четири фази на обнова на животот на Вардарски Рид во текот на III и II век пред н.е., со тоа што најстарата од овие фази страдала во пожар, а во слојот биле откриени монети на Деметриј I Полиоркет и Антигон Гоната.[9] Во текот на истражувањата биле откриени повеќе монети на кралевите Филип V и Персеј,

[6] Карактерот на овој труд не дозволува истите да ги претставам детално. Но, целата оваа материја ќе биде публикувана во студијата: В. Л. Адамс, Античка цивилизација на Македонија во раниот и средниот македонски период (VII–II век пред н.е.).

[7] Митревски Д., 2001; Ристов К., 2004, 66-71.

[8] Митревски Д. и коавтори, 2005.

[9] Митревски Д., 2001, 37.




Сл. 1. Карта на македонската стратегија Пајонија.



Сл. 2. Теснецот Демир Капија, од запад.

како и на полуавтономните области и градови под Филип V и Персеј; Амфипол, Пела, Тесалоника, како и монети на римскиот квестор Гај Тамиј Публилиј.[10]

Според овие наоди сметам дека е и повеќе од очигледно дека Филип V го користел градот Гортинија како стартна база во експедициите на десниот брег на Аксиј кон север.

Наредниот локалитет на 13 км на север од Вардарски Рид, долж десниот брег на Вардар, е ридот **Туфка, Смоквица**. Неговата местоположба, непосредно на брегот на реката, очигледно укажува на функција поврзана со патната магистрала. Со археолошките истражувања на локалитетот се регистрирани два културни хоризонти: населба од енеолитот и раното бронзено време, со обнова во железното време со егзистенција до II век пред н.е.[11] Потврда за тоа наоѓаме во литературата, преку монетите на Филип V, Персеј и Тибериј (14–37).[12]

На 2.8 км северно од Туфка се наоѓа локалитетот **Мрамор, Милетково**. Тука на две ниски благи возвишенија била евидентирана една мала крајпатна населба од рамничарски тип, со забележена егзистенција од крајот на VI век пред н.е., до крајот на антиката.[13] Во литературата се споменуваат наодите на монети на Пела (2), автономна Македонија (1) под Филип V и Персеј, како и монети на Тесалоника (Нерва/Трајан, Домицијан, Гордијан) и Хадријан (117–138). Во 2013 година Е. Сламков истражувал остатоци од римски домус со триклиниум од IV век н.е.[14] Очигледно оформувањето и егзистенцијата на населба на Мрамор се должи на магистралниот пат што водел долж десниот брег на Вардар; меѓутоа, сите досегашни сознанија изнесени во стручната литература за овој локалитет не делуваат сериозно во контекст на основните елементи на еден антички / раноантички град (акропола со најмалку едно подградие, на подоминантна местоположба, поинтензивен културен хоризонт и т.н.) за да се поверува во идејата на В. Соколовска за убикација на античкиот град Идомене на овој локалитет.[15]

Понатаму, на околу 8 км, од Мрамор, Милетково на север, патот влегува во 17 километри долгата Демиркаписка Клисура. На околу 2.8 км западно од селото Градец, реката Вардар доаѓа од запад, удира во карпестиот масив на Ветерник, и прави голема, речиси кружна кривина. На десниот брег на Вардар, на почетокот на кривината, се наоѓа ниско ридче **Раклата, Давидово**. Ридчето било просечено на јужната страна за локалниот пат Демир Капија – Давидово. На неговите падини, како и на рамнината источно се наоѓаат фрагменти садова керамика од раната антика.

Понатаму на север, на самата утока на Голема Јаворица во Аксиј/Вардар, на ридот помеѓу реките, во II век бил оформен кастел на локалитетот **Градиште Голема Јаворица, Демир Капија**. При нашите истражувања откривме монета на Амфипол од времето на Филип V и Персеј. Во литературата се забележани монетите на Касандар (1), Филип V (3) и Персеј (5).[16] Очигледно е дека станува збор за македонски кастел, што мо-

---

[10] Хусеновски Б., 2004, 36-46.

[11] Ристов К., 2004, 107-110; Винчиќ Ж., Ивановски М., 1996, 105.

[12] Шелдаров Н., 2003, броеви: 561, 609, 297; Шелдаров Н., 2013, броеви: 33, 198.

[13] Ристов К., 2004, 83-86.

[14] Сламков Е., 2008, 160-165.

[15] Соколовска В., 2011, 25 и на др. места.

[16] Шелдаров Н., 2003, броеви: 499, 555, 565, 582, 603, 623; Шелдаров Н., 2013, броеви: 52, 65, 66, 138, 200.

жеби бил оформен уште во втората половина од IV век пред н.е., меѓутоа бил многу поинтензивно користен од кралевите Филип V и Персеј, судејќи според наведените монети. Античкиот македонски кастел на утоката на Голема Јаворица во Вардар бил оформен за контрола и на алтернативниот пат што водел угоре по долинката на реката Калица, од нејзиниот влив во Петрушка река, преку превојот Ушите, горниот тек на Мала Јаворица, превојот Варница и долж Драговски Дол се спуштал по реката Голема Јаворица до Вардар.

Понатаму на северозапад, на 3.7 км патот доаѓа до Маркова Чешма. Од тука патот се двоел. Магистралата со мака се провирала помеѓу карпите и брегот на Вардар, додека алтернативен пат водел наугоре на превојот Долни Краставец, од каде се спуштал по долот Постралец преку Пештера над Постралец и влегувал во античкиот град Стена на локалитетот Клисурско Маало / Бања / Болница, Демир Капија. За одбележување е дека на целата падина од превојот Долни Краставец кон запад (кон Маркова Чешма) се гледаат остатоци од крајпатна населба, фрагменти керамика; меѓутоа, истата слика може да се види и околу патот на источната страна, долж долот Постралец. Долот Постралец на јужната страна, како и влезот на реката Вардар во клисурата и тесниот пат изделкан во карпите на нејзиниот десен брег, бил контролиран со тврдината **Кула над Постралец**. Тврдината имала постара раноантичка фаза врз која била изградена доцноантичка фортификација.[17]

Градот Стена бил расположен на просторот на **Клисурско Маало / Бања / Болница, Демир Капија**, што значи во аголот на вливот помеѓу реката Бошава и реката Вардар, а на површина од околу 10/11 хектари. Првата планиметрија во литературата ја публикувал д–р Халд.[18] Наредниот план на градот го изработил И. Микулчиќ.[19] Во литературата се споменати монети откривани на просторот на Клисурско Маало, Демир Капија на македонските кралеви: Филип II, Антигон Гоната, автономна Македонија под Филип V и Персеј,[20] како и монета на Персеј.[21] Не е јасно дали монетите се откриени на просторот на градот на Клисурско Маало или на источниот раб на Клисурско Маало, околу ритчето Манастир и на падините на Долот Постралец. Во градот Стена (градот кај теснината)[22] беа вршени археолошки сондирања од страна на В. Соколовска, А. Јакимовски и М. Јованов. Во последно време станува јасно дека Аргеадите долго време, уште од кралот Александар I, низ V и IV век го држеле Демиркапискиот теснец во свои раце. Иста состојба воочуваме и под Антигонидите, при што особено се ангажирал Деметриј I, додека Антигон Гоната и особено Филип V и Персеј ја користеле Демир Капија како база за дејствијата далеку на север.

Потребата за контрола на Демир Каписката Клисура била толку голема, што во антиката на десниот брег биле запоседнати неколку позиции, од Илимов Рид, Оризари преку Пенов Камен, Ароплано, Рамниште[23] и Горни Краставец.[24]

---

[17] Микулчиќ И., 1988-1989, 77-78.
[18] Hald, 2017.
[19] Микулчиќ И., 1988/89; Микулчиќ И., 1999, 177.
[20] Шелдаров Н., 2003, броеви: 369, 388, 415, 521, 654.
[21] Шелдаров Н., 2013, број 54.
[22] Називот на градот дошол од στενός во значение: тесен, теснец, види кај: Senc S., 1919/1991, 859-860.
[23] Микулчиќ И., 1988-1989.

На доминантниот врв **Горни Краставец, Демир Капија**, највисоката точка на планинскиот карпест срт Краставец, во јули 2008 година открив и истражував значаен антички кастел подигнат од страна на војската на Деметриј I Полиоркет. Открив сребрена монета на Александар III (постхумен ков на градот Колофон во Јонија од 310–301), како и 4 монети на Деметриј I Полиоркет (македонски штит со монограмот на Деметриј во announcement на аверсот, и македонски шлем со перјаница, со буквите ΒΑ|ΣΙ на реверсот. Открив и дел од бронзен носач за рачка на војничко котле – лебес. Кастелот бил повторно користен во доцната антика судејќи според монетата на императорот Константин II (337–340).[25] Овој висок кастел – спекула (кота 899 м, 2 ха *intra muros* површина) чинел заеднички комплекс, заедно со воената база на локалитетот **Рамниште, Демир Капија**, што се наоѓа на само 1.5 км северозападно (кота 489 м, со intra muros површина: акропола 0.57 ха+јужен тракт 1.3 ха=1.87 ха).[26]

**Алтернативен пат Прдејци – Илимов Рид, Оризари (Демир Капија)**

10. Градиште Брест, КО Смоквица
11. Градиште, КО Габрово
12. Градиште Марков Манастир, КО Петрово
13. Грдишка Чука, КО Петрово
14. Калуѓерска Чука, КО Демир Капија
15. Илимов Рид, КО Чифлик / КО Демир Капија

Паралелно со магистралниот пат што водел непосредно долж десниот брег на Аксиј/Вардар, постоел западен, внатрешен / алтернативен пат што се одвојувал од брегот на просторот кај село Прдејци и водел на линијата Градиште, Смоквица – Градиште, Габрово, излегувал во долинката на Петрушка Река, од каде продолжувал угоре по Стара Река, под ридот Грдишка Чука, преку превојот Калуѓерски Чуки, кон селото Дрен и понатаму Чифлик, Илимов Рид, село Оризари и најпосле излегувал на Вардарската магистрала кај Демир Капија.

**Градиште Брест, Смоквица** претставува низок, но доминантен рид, на 2.38 км југозападно од селската црква на Смоквица (кота 269 м). Го посетив, истражував и документирав во 1989 и 2012. Се работи за раноантичко гратче со акропола (76x42 м, околу 0.34 ха) и јужно и западно подградие во подножјето на ридот, расположено на неколку хектари. На локалитетот евидентиравме делови и фрагменти од квалитетна раноантичка садова керамика. Според К. Ристов, кој ја публикуваше првата планиметрија на локалитетот, егзистенцијата датира уште во IX век пред н.е.[27] Во литературата се познати наоди на монети на Филип V (1), автономна Македонија (1), Пела (1) и Амфипол (1) под Филип V и Персеј.[28] Монетните наоди, како и доминантната местоположба на алтернативната патна траса Прдејци – Габрово – Стара Река – Калуѓерска Чука Дрен – Илимов Рид, Оризари, укажува на можна антигонидска воена единица во рамките на акрополата на Градиште Брест, Смоквица.

---

[24] Лилчиќ В., 2009/1.

[25] Лилчиќ (Адамс) В., 2008, 6-18.

[26] Лилчиќ (Адамс) В., 2008, 19-20.

[27] Ристов К. 2004, 104-107.

[28] Шелдаров Н., 2003, броеви: 20, 119, 545, 658.



Сл. 3. Горни Краставец, Демир Капија, од југоисток.



Сл. 4. Маркова Кула, Корешница / Челевец, поглед на тврдината и на Демир Капија, од североисток (фото со љубезноста на Орданчо Петров)

На 5.2 км северно с/з од Градиште Брест, Смоквица се наоѓа **Градиште, Габрово** (кота 313 м). На врвот од ридот во 2012 година документирав мала утврдена позиција, акрополно плато со заоблена форма големо 35х27 метри. На голем простор јужно и југозападно на благите падини кон Габрешка Река, се протега големо подградие, со остатоци од населба. Во литературата од овој локалитет се забележени наоди на монети на: Персеј (1),[29] Амфипол (2), Пела (1), Тесалоника (2), автономна Македонија (1) и на квесторот Гај Тамиј Публилиј (1).[30] К. Ристов го истражувал и документирал локалитетот и ја публикувал првата планиметрија на акрополата.[31]

Алтернативниот пат излегувал на Петрушка Река и заобиколувал околу ридот **Градиште Марков Манастир, Петрово**, на кој документирав доцноантички / рановизантиски кастел стража (10.05.1987). Во продолжение водел пат долж Стара Река на запад с/з, до теснецот кај составите на Крива Река со Стара Река и Дупињска Река, каде се наоѓа рид со карактеристично име Грдишка Чука накој што во две истражувачки посети не евидентиравме никакви културни остатоци. Претпоставувам дека на овој простор постои кастел со ова име, чија што позиција била погрешно запишана на топографската секција. Од тука патот водел на север, па на северозапад до планинскиот превој меѓу Калуѓерски Чуки и Средни Рид. На **Калуѓерска Чука, Демир Капија** (кота 737 м) документирав мал кастел стража, чијашто егзистенција датира, според наодите, од римскиот царски период и од доцната антика. Кастелот има компактна контура на внатрешни градби, опколени со одбранбен ѕид со приближна елипсовидна форма и големина од 68х33 м. Открив посребрен антониниjан на императорот Проб (276–282), мала доцноантичка бронзена монета од IV век и бронзена статуетка на Хермес.[32]

Во продолжение патот се спуштал долж Дренска Река по селото Дрен. Кај селото Чифлик излегувал на реката Дошница, од каде заземал северен правец долж нејзиното течение, водејќи под западното подножје на **Илимов Рид, село Чифлик / Демир Капија**, во продолжение излегувал на магистралниот пат на Аксиј/Вардар. На Илимов Рид (кота 260) се наоѓа голема населба расположена на тераси околу централна акропола.[33] Во литературата се забележани монети на: Август (Амфипол), Тибериј (Диум-Пела), Тибериј (Едеса), Стоби (2), Веспазијан (Тесалоника) и Нерон.[34]

Забележуваме дека предложената алтернативна патна траса во првиот дел, во Амфакситида, поврзува две мали раноантички градчиња кај Смоквица и Габрово. Меѓутоа ве продолжението долж Стара Река, на локалитетите Градиште Марков Манастир и на Калуѓерска Чука се регистрирани подоцнежни културни хоризонти.

Постои уште една, поверојатна солуција за продолжението на алтернативниот пат Прдејци – Градиште Смоквица – Градиште Габрово – утока на Стара Река и Калица во Петрушка Река. Имено патот во раната антика продолжувал од вливот на Калица по нејзината долинка на север с/з, преку превојот Ушите, горниот тек на Мала Јаворица, превојот Варница и долж Драговски Дол се спуштал по реката Голема Јаворица до Вар-

---

[29] Шелдаров Н., 2013, бр. 56.
[30] Шелдаров Н., 2003, броеви: 17, 51, 117, 241, 273, 684, 699.
[31] Ристов К., 2004, 61-64.
[32] Лилчиќ (Адамс) В., 2008, 21, 25-26. Н
[33] Голубовска Д., 1996, 237.
[34] Шелдаров Н., 2003, броеви: 53, 75, 81, 173, 175, 312, 728.

дар, каде што бил заштитуван со кастелот на локалитетот Градиште Голема Јаворица, КО Демир Капија.

**Антигонидски, можни антигонидски, и други крајпатни кастели и бази, на левиот брег на Аксиј, од село Богородица – Демир Капија**

16. Кофилак, КО Богородичин Рид
17. Градиште, КО Ѓавото
18. Глоска Чука, КО Грчиште
19. Исар, КО Марвинци, град Идомене
20. Удовски Рид, КО Градец (кота 223 м)
21. Кула Камен, КО Градец (кота 220 м)
22. Челевечко Кале, КО Челевец, Стрезов Град / Град Просек
23. Маркова Кула / Јуручки Камен, КО Корешница / КО Челевец

Сега ќе го следиме патот што водел долж левиот брег на Аксиј / Вардар во областа Амфакситида, делот во Република Македонија. Гледано според карактерот на археолошките локалитети, на овој простор водела значајна античка патна магистрала. На почетокот се наоѓа локалитетот **Кофилак / Богородичин Рид, Богородица**, (кота 117 м) крајпатен кастел од преодниот период од бронзеното во железното време. Кастелот се наоѓа на 800 метри источно од градот на Вардарски Рид, Гевгелија, отспротива реката Вардар. Според Д. Митревски, материјалната култура откриена на Кофилак, (истражувања 1955), има релации со стратиграфијата на Вардарски Рид.[35] Кастелот на ридот Кофилак претставува мало плато на врвот од ридот, големо 40x8 м утврдено со масивен одбранбен бедем (премер 28. 03. 2012).

Наредниот значаен локалитет е кастелот од архајскиот период на локалитетот **Градиште, Ѓавото** (кота 127 м.) на 5.8 км. северно од Кофилак, Богородица. Ридот Градиште, на северната периферија на селото Ѓавото, се наднесува над тесниот простор меѓу планинскиот масив и коритото на Вардар. На врвот во 2012 година истражував и документирав моќна фортификација. Било утврдено плато со издолжена правоаголна форма, големо 115x33 метри, со сувоѕид, со широчина што варира од 2.90-3.15 метри. Не е познато во стручната литература.

На 3.6 км северно од Градиште, Ѓавото се наоѓа **Глоска Чука / Прдејска Чука, Грчиште**. Значајна утврдена населба со егзистенција од крајот на бронзеното време железното време во текот на раната антика,[36] односно во текот на Републиканскиот период. На врвот на ридот било посебно утврдено акрополно плато, големо 60x45 метри. Северно под акрополата се распознаваат две станбени тераси кои што заокружуваат околу акрополата на запад и на североисток (премер 09.04.2000). Вкупната станбена површина мери приближно околу 3 хектари. На локалитетот се забележени монети на Ореските (520–480) и Пела.[37] Во Археолошката збирка на Филозофскиот факултет во Скопје се наоѓаат монети на: Персеј (2), монета со претстава на Херакле/лав со суровица под нозете и сребрен републикански денар. Двете монети на Персеј делуваат некако осамено среде останатите наоди и засега не упатуваат на идејата дека Антигонидите се заинтересирале посебно за контролата на ова место.

---

[35] Митревски Д., 2001, 14, фот. 4; Винчиќ Ж. и коавтори, 1996, 95.

[36] Ристов К., 2004, 71-75. Blaževska S., Pavlovski G., 2008, 1-15.

[37] Шелдаров Н., 2003, броеви: 96, 154.

На 6.5 км северно од Глоска Чука, Грчиште се наоѓа локалитетот **Исар, Марвинци, антички град Идомене**. Долгата историја на теренските истражувања на градот ги опфаќа Б. Јосифовска Драгојевиќ, И. Микулчиќ, В. Санев, В. Соколовска, В. Лилчиќ Адамс, Ц. Крстевски, А. Јакимовски, З. Видевски, Г. Микулчиќ, Г. Карапетков, Д. Митревски, С. Темов, К. Ристов, како и други колеги археолози. Градот се состоел од долга акропола со три северни североисточни станбени подградија. На јужната страна на акрополата, однадвор во римско време бил оформен мал кастрон со функција за контрола на патните коридори и се разбира на локалните жители.[38]

Во остатоците на градот на Исар, Марвинци во текот на последните седум децении, од неговото прво археолошко нотирање, биле ископани огромен број движни артефакти, меѓу нив и монети. Меѓу нив посебно внимание привлекува оставата од 20 бронзени монети, од кои 19 монети се на македонскиот крал Филип V, а монетата бр. 19 не можела да се идентификува, иако држи претпоставката дека и таа му припаѓа на Филип V. Среде оставата се истакнуваат големите бронзи со претставите Хелиј/молња во дабов венец, како и брадест Херакле/меч харпа во дабов венец.[39]

На 10 км северно од Исар, Марвинци, патот долж левиот брег на Вардар, кај селото Удово, влегува во Демиркаписката Клисура. Над самиот влез, малку пред утоката на Аразлиска Река во Вардар, се издига **Удовски Рид, Градец** (кота 223 м). Врвот на ридот претставува зарамнето плато со приближно триаголна форма, во раната антика заштитено со одбранбен бедем (129x62 м.). Регистриравме остатоци од југоисточна станбена тераса. Во поново време бил просечен пат и поставени три антени за мобилни телефони на платото.[40]

На 2.8 км северно с/з од Удовски Рид, на местото каде планинскиот масив се наднесува над коритото на Вардар, на ридот **Кула Камен, Градец** (кота 220 м), што се издига веднаш над левиот брег на Муштеница Река, истражувавме и документиравме остатоци од објект. Ридот има издолжена форма со две височинки. Во минатото била искористена североисточната височинка на ридот на која се наоѓал објектот. Контурата на т.н. објект мери 22x15 метри, со издолжена ориентација запад-исток, благо искосена ј/з-с/и. Забележавме остатоци од покривни тегули и градежни тули. Би можело да се помисли на култен сакрален објект, меѓутоа со оглед на тоа што источниот ѕид е рамен како и врз база на споменатата стратегиска местоположба, на мислење сум дека се работи за остатоци на кула за контрола на теснецот покрај коритото на Вардар. Впрочем, истата ситуација ја согледуваме на поголем број локалитети (веќе опишаното Градиште, Ѓавато; Кула, Згрополци; Пченични Дупки, Демир Капија или на пример Кулиште Св. Размо Долни Лакочереј и т.н.).

Во продолжение на околу 1.5 км се наоѓа селото Градец, расположено воглавно на левиот брег на Градешка Река, пред нејзиниот влив во Вардар. Од ова место, долж Градешка Река на север преку Градешка Планина водел прастар пат во соседната долина на Лакавица, што на пристигањето во долината бил заштитуван од утврдувањата Долна Кула и Горна Кула, Конче. Меѓутоа, останува нејасно на што се должат имињата

---

[38] Види го описот на остатоците на градот на Исар, Марвинци кај: Микулчиќ И., 1999, 23-30, кој се заложил за убикација на градот Гортинија на овој локалитет; Ристов К., 2004, 78-83.

[39] Šeldarov N., 1996, 41-43, Т. I-II.

[40] Локалитетот не е регистриран во стручната литература.



Сл. 5. Маркова Кула, Корешница / Челевец, поглед на челниот ѕид на североисточната кула (ископувања на О. Петров).



Сл. 6. Градиште Чаир Рид, Тремник, од исток.

на: селото Градец, на Градешка Река и на Градешка Планина, бидејќи досегашните истражувања не посочија / открија ниту еден локалитет – фортификација во околината на селото од кој што би потекнале споменатите називи; а логично е, аналогно на дури двете фортификации од страната на Конче, да се очекува барем една фортификација некаде кај Градец на Вардар. Во овој контекст би го споменал локалитетот Градиште, село Градец, споменат кај И. Микулчиќ.[41] По детално пребарување на посочената локација, 3 км западно од селото Градец, на ридовите Ветерник и Штудер, на десниот брег на Вардар, не успеавме да го откриеме локалитетот за кој пишува И. Микулчиќ.

Од просторот на Градец патот водел на запад до подножјето на карпестиот рид **Кале, Челевец, Стрезов Град / Град Просек**. На врвот (кота 355 м) уште И. Микулчиќ истражуваше и документираше остатоци од сложена фортификација од доцната антика и средниот век.[42] Од 2015-2018, и од 2020-2021 година, О. Петров реализира систематски археолошки истражувања, при што откри ранохристијанска и средновековна црква со некропола, како и дел од обѕидијата со објекти и две кули.[43] Досега на овој локалитет не се евидентирани постари културни хоризонти. Останува сведоштвото на жителот на Демир Капија, Методија „Оџата" со кого го посетив локалитетот во 2011, дека во неговите млади години на јужната страна на малото акрополно плато на самиот врв на тврдината стоел одбранбен ѕид конструиран со масивни камени блокови, слични на оние на Маркова Кула / Јуручки Камен, Корешница.

Од подножјето на Кале Челевец, патот се искачувал за околу 600 метри до седлестиот превој на сртот Ќунци (што се протега северно од Калето), се спуштал, ја минувал долинката Челевечка Река, и за 1.2 км се искачувал до седлестиот превој на кој води патот за селото Челевец, од каде се спуштал кон левиот брег на реката Вардар. Од Челевечкиот превој по карпестиот срт на југозапад југ, на 620 метри се доаѓа до кастелот Маркова Кула / Јуручки Камен, Корешница / Челевец.

**Антигонидски бази и кастели и други фортификации долж десниот брег на Аксиј, од Демир Капија до Велешко Кале, Велес на север**

24. Пченични Дупки, КО Демир Капија
25. Градиште Чаир Рид, КО Тремник
26. Градиште, КО Неготино, Антигонеја
27. Пусто Градско, КО Градско, Стоби
28. Свети Илија, КО Виничани
29. Видинград, КО Водоврати, град АРГОС
30. Градиште, КО Згрополци, Гурбита
31. Кале, КО Згрополци
32. Острец, КО Згрополци

На 4.45 км западно од Демир Капија, долж автопатот кон Неготино, на местото каде што реката Вардар го допира ридестиот масив, се наоѓа ниското ридче **Пченични**

[41] Mikulčić I., 1976, Gradec, Gradishte, 59. Описот на овој локалитет е навистина импресивен: *Gradec Mac. (Youg., Mac., Valandovo) IXf Loc. 'Gradište', montagne élevée, à 3 km à l'O du village. Sommet entouré d'une muraille et couvert de nombreux tessons, de poterie et de pierres. Castellum romain de basse époque contrôlant la grande route Stobi-Thessalonique.*

[42] Микулчиќ И., 1988-1989, 73, 74, 76, 82 план на фортификацијата. Види и Mikulčić I., 2002, 331.

[43] Петров О., 2021.

**Дупки** (кота 126 м; 41° 25.029' 21° 12.305'; КО Демир Капија, КП 1175/1 Споменик), за жал со пресечен јужен дел во рамките на градежните активности на пробивањето на новиот магистрален пат Е-75. На блага падина кон брегот на Вардар, при оформување на потпорен ѕид и пропуст за вода, бил пресечен објект кој што В. Соколовска го интерпретира како светилиште посветено на Диоскурите. Таа открила и растурено депо од 200 бронзени монети од кои ги идентификувала градовите Амфипол, Тесалоника, како и автономна Македонија под Филип V и Персеј.[44] Во литературата се познати три бронзени монети на Персеј од истиот локалитет.[45] Очигледно е дека на ридчето бил оформен мал антигонидски кастел стража за контрола на теснината помеѓу речното корито и ридестиот масив на југ.

На околу 7 км по автопатот на северозапад се наоѓа **Градиште Чаир Рид, Тремник**. Локалитетот го интерпретираше И. Микулчиќ во 1984 година како мала земјоделска населба од доцнохеленистичко време (Среден македонски период, заб. В. Л. А.) која што скромно егзистирала до доцната антика.[46] И. Микулчиќ забележал обнова на акрополата со посебни ѕидови на површина од околу 1.5 ха, во Средниот македонски период.[47] Од литературата дознаваме дека на Градиште Чаир Рид, Тремник, биле откриени монети на полуавтономните градови под Филип V и Персеј: Амфипол (2), Пела (2), потоа монета на градот Стоби, монета на римскиот квестор Лукиј Фулкиниј, како и монета на Марк Аврелиј (161–180).[48] Во рамките на археолошките сондирања на локалитетот, А. Јакимовски и М. Јованов откриле монета на Филип V. Согласно овие податоци можеме да претпоставиме дека Филип V бил тој кој поставил македонски воени единици во акрополата на Чаир Рид, Тремник, што значи во рамките на пајонската населба на истиот локалитет, состојби какви што забележав и на други локалитети во Пајонија.

Наредниот антигонидски проект очигледно била воена база на **Градиште, Неготино, античкиот град Антигонеја**. Остатоците од овој древен пајонски град со егзистенцијален континуитет од архајскиот период до 6. век н.е., се наоѓаат на 7.8 км северно с/з од Градиште Чаир Рид, Тремник. Прв ги истражувавше и убицираше професор И. Микулчиќ,[49] а подоцна се организирани систематски археолошки ископувања под раководство на Г. Санев. Од публикуваните извештаи за откриените монетни наоди на локалитетот, во сезоните 2009–2011, 2012 и 2013-2017, публикувани од страна на С. Битрак, Н. Секунда и В. Бриловски,[50] дознаваме за времето на интензивните егзистенцијални хоризонти и тоа во раниот Македонски период (монети на Акант и Потидаја), потоа доминираат монетите на македонските кралеви (Аминта III, Александар III, Касандар, Антигон Гоната (1 монета), Деметриј II (1 монета), Филип V и Персеј (околу 19 монети), како и повеќе примероци на монети на автономна Македонија под Филип V и Персеј. За одбележување се и монетите на римските квестори: Гај Тамиј Публилиј (168–166) и Лукиј Фулкиниј (168–166). Во продолжение, авторите на овие извештаи пуб-

---

[44] Првите истражувања ги направила Соколовска В., 1974, 267-278; Соколовска В., 1914, 47-49.

[45] Шелдаров Н., 2013, броеви: 148, 150, 197.

[46] Микулчиќ И., 1984, 132, опис на планот на населбата од 126-132, план сл. 5.

[47] Микулчиќ И., 1984, 129-130.

[48] Шелдаров Н., 2003, броеви: 23, 40, 141, 150, 172, 709, 737.

[49] Микулчиќ И., 1984.

[50] Bitrak, S., Sekunda N. V., 2015: 345-356, Plates 50-54; Bitrak, S., Brillowski W., Sekunda N. V., 2017: 481-493, Plates 55-63; Bitrak, S., Brillowski W., Sekunda N. V., 2018: 389-398, Plates 47-52.



Сл. 7. Градиште, Неготино, военостратегиска база / град Антигонеја, од југ.




Сл. 8. Пусто Градско, Градско, кастел / град Стоби, план И. Микулчиќ.

ликуваат монети низ периодот на римската република, потоа римскиот царски период сè до доцната антика, при што се гледаат монети на римските цареви Домицијан, Веспазијан, монети на ковницата Стоби, потоа на царевите Аврелијан од III век и Аркадиј од доцниот IV век н.е. Со нашите поранешни истражувања откривме и половинка монета од VI век н.е., апоен од 16 нумии.

Очигледната концентрација на монетите на Филип V и Персеј на Градиште, Неготино, како и монетите на автономна Македонија под двата крала, но и монетите на градовите Пела, Амфипол и Тесалоника, наспроти само една монета на Антигон Гоната, посочува на значењето што Филип V му го дал на нискиот, но доминантен рид Градиште, Неготино, што се издига над десниот брег на реката Аксиј/Вардар. Тука била значајна крстосница на Вардарскиот пат со попречните патишта, на запад кон градот Аударист и Пелагонија, на исток преку Серта кон градот Астибос (Штип) или Астрајон / Тибериопол (Струмица).

На 11.8 км северозападно од Антигонеја, кај утоката на реката Еригон во Аксиј / Вардар се наоѓа локалитетот **Пусто Градско, Градско, античкиот град Стоби**. Токму тука постоел премин од десниот на левиот брег на Аксиј.

Првиот план на градот Стоби во литературата го публикувал Л. Азе.[51] Прва интерпретација на планиметријата на раноантичките културни хоризонти на градот Стоби во литературата претстави И. Микулчиќ.[52] Според неговите согледувања, најстарите сè уште скромни остатоци во Стоби датираат од VII–VI век пред н.е., следат неколку осамени наоди од V–III век пред н.е., за во II век пред н.е да. се појават побројни наоди, според кои тој констатира дека *од тој момент ние денес можеме да го следиме раѓањето на Стоби.*[53] Според неговите пресметки населената површина од раната антика мерела приближно 2.5 ха.[54] При истражувањата на Домус Фулоника биле откриени гробовите бр. 312 (датиран во времето на Филип V) и гроб бр. 313 (монета Тесалоника под Рим /158-149/).[55] При истражувањата на палатата Перистерија биле откриени 4 гроба: бр. 99, гр. 100 (монета на Филип V), гр. 101 (монета на Филип V) и гр. 102 (монета на Филип V).[56] Освен тоа во сондите отворени на акрополното плато во северозападниот агол на Стоби биле откриени културни остатоци од II век пред н.е. датирани со монета на Филип V.[57] Со истражувањата на С. Блажевска и Г. Павловски, вкупниот број на гробовите од крајот на III и од II век пред н.е. се искачил на 15. Нивното резиме посочува на откриени монети на Филип V (3), Персеј (1) и Тесалоника под Филип V и Персеј (1).[58] Сумирајќи ги овие скромни наоди не можеме да не ја забележиме концентрацијата на монети на последните антигонидски кралеви, особено на кралот Филип V. Веројатно идните истражувања ќе докажат дека не е спорен пајонскиот состав на локалното население од крајот на III и во текот на II век пред н.е., меѓутоа, сметам дека токму Филип

[51] Heuzey L., 1876, plan E: Reconnaissance d'une partie du cours de l'Erigon et des ruines de Stobi.

[52] Микулчиќ И., 1985/2, 101-117.

[53] Микулчиќ И., 1985/2, 101.

[54] Микулчиќ И., 1985/2, 113.

[55] Микулчиќ И., 1985/2, 104, ф.н. 7; 106.

[56] Микулчиќ И., 1985/2, 110, ф.н. 16.

[57] Wiseman J. and Mano-Zissi Dj, Oct. 1972, 411-412.

[58] Блажевска С., Павловски Г., 2018, 32. Види и кај: Јовановска Б., 2014, Циркулација на монетите во античкиот град Стоби, магистерски труд, Филозофски факултет Скопје, Скопје 2015, 62-67, Т.: I-IV.

V му дал обновувачки егзистенцијален импулс на Стоби, со активната реализација на проектот македонска стратегија Пајонија. И очекувано е Филип V да лоцирал македонска воена единица во Стоби, имајќи ја предвид значајната крстосница на патиштата помеѓу Вардарскиот пат, патот кон Астибос долж долината на реката Брегалница на север/североисток и патот кон Аударист – Керамија, односно патот кон Пелагонија на запад.

Наспроти вливот на реката Астибос / Брегалница во Вардар, на 1.8 км западно ј/з од десниот брег на реката се наоѓа ридчето **Свети Илија, Винчани**. Овој значаен крајпатен кастел со intra muros површина од 2.3 ха поседува културни хоризонти од најмалку III/II век пред н.е. до VI век н.е.[59]

На 1.9 км југозападно од Свети Илија, се наоѓа локалитетот **Видинград, КО Водоврати, пајонскиот град Арг.** Локалитетот го посетила и опишала Б. Јосифовска Драгојевиќ, потоа го истражувал И. Микулчиќ,[60] а во поново време Д. Донев реализирал систематски истражувања со примена на современа методологија,[61] при што констатирал егзистенцијален континуитет од железното време во текот на целата античка епоха. Тој ја лоцирал местоположбата на ранохристијанската базилика во градот, како и неговата површина од 5 до 7-8 хектари. Д. Донев забележал поместување на јадрото на населбата во централниот дел, во доцниот македонски период, при што помислува дека причината можеби била колонизација на населбата во времето на Антигонидите.[62] Според Донев, причината на егзистенцијалниот континуитет низ целата антика, можеби се должел на постоење на локално пазариште и религиски центар,[63] на што би ја додал и респектабилната дистанца од 3 км, од магистралниот Вардарски пат, на линијата долж долинката на Водовратска Река. Оваа дистанца веројатно обезбедувала доволно време за повлекување на локалното население кон планинските пазуви, во случаите на варварските напади.

На 13 км северозападно од Стоби, на десниот брег на Аксиј се наоѓа гратчето Гурбита на локалитетот **Градиште, Згрополци.**[64] Во литературата се забележани наоди на монети на: кралот Антигон Гоната, потоа монетите на: Амфипол, Ботиаја, Пела, Тесалоника, автономна Македонија од времето на Филип V и Персеј, потоа на Персеј, потоа на квесторот Ајсилас (93-60) и ковницата Стоби.[65] Долго време не беше позната причината на оформувањето на гратчето на ридот Градиште на само 13 километри од Стоби. Притоа имаме предвид дека станува збор за куса дистанца што патниците ја минуваат за неколку часа и не би имале потреба да запрат да ноќеваат. Логично би било ноќта да ја минат во градот на Велешкото Кале, Велес. Меѓутоа, со откривањето на локалитетот Градиште, село Кочилари, на левиот брег на Вардар, и убицирањето на античкиот град Алмана на овој локалитет, стана јасно дека токму на просторот помеѓу двата града била преминувана реката Вардар.[66]

---

[59] Mikulčić, I. 2002, 441-442.
[60] Mikulčić, I. 2002, 442-443.
[61] Донев Д., 2018, 51-78; Донев Д., 2020, 345-378.
[62] Донев Д., 2018, 64-65.
[63] Донев Д., 2018, 66.
[64] Микулчиќ И., 1999: 153-154.
[65] Шелдаров Н., 2003, броевите: 25-26, 43, 59, 62, 106-107, 120-122, 185, 195, 245, 249, 528, 622, 656, 687, 723.
[66] Lilcik (Adams) V., 2010.




Сл. 9. Поглед на Градиште, Згрополци, кастел / град Гурбита и Градиште, Кочилари, од југ.



Сл. 10. Кале Бели Рид, Калањево, од југоисток.

На 2.16 км воздушна линија северозападно од Градиште, Згрополци, се наоѓа ридот **Кале, Згрополци** (кота 213 м). Станува збор за широко плато издигнато 50 метри над подножјето. Ридот се наоѓа пред теснецот помеѓу ридестиот масив јужно и коритото на Вардар, низ кој минувал патот кон Гурбита. Платото има издолжена форма со површина од 3.5 ха. Било утврдено со сувоѕид по рабовите на западната, северната и источната страна. На јужната страна бил подигнат помасивен одбранбен ѕид со контури на два влеза и контури на триаголна југозападна кула, како и фоса со протеихизма. Источниот влез е вовлечен, западниот бранет со внатрешна кула. Регистиравме два културни хоризонти: постар од VI/V век пред н.е. (дно од питос, рачка од сад, пајонско-македонски бронзен приврзок форма на бокалче-тип кана) и помлад од доцноантичкиот IV век н.е. (2 монети).

На соседниот рид на запад, **Острец, Згрополци** (кота 232 м), документиравме фортифициран комплекс составен од акропола (0.32 ха) и северно подградие (0.49 ха), на вкупна површина од 0.81 ха. Во западниот агол на акрополата документиравме контури на кружна кула (дијаметар околу 12 метри). Движните наоди укажуваат на три културни хоризонти: утврден пајонски кастел на целата опишана површина посведочен со деловите и фрагментите на садовата керамика откриена на површината како и два бронзени предмети; и кружна кула на римската републиканска војска, посведочена со 7 римски републикански монети, од кои 5 се на квесторот Гај Тамиј Публилиј (168-166); откриени се и 2 бронзени монети на Тесалоника под Филип V и Персеј. На северната падина откриена е монета, антонинијан на римскиот император Аурелијан (270-275). И ова утврдување, како и претходното, било наменето за контрола на патната магистрала долж десниот брег на реката Аксиј / Вардар, која што на југозапад влегувала во споменатиот теснец.

**Антигонидски бази, кастели и други тврдини долж левиот брег на Аксиј / Вардар: Корешница – Кочилари**

23. Маркова Кула, КО Корешница / КО Челевец
33. Кула, КО Корешница
34. Марков Град, КО Корешница
35. Кале Бели Рид, КО Калањево / КО Иберли
36. Градиште Рид, КО Војшанци
37. Белата Земја Трнче, КО Пепелиште
38. Вршник Плоча, КО Џидимирци
39. Столот – Чардак (Уланци), КО Џидимирци
40. Топот, КО Уланци
41. Градиште КО Кочилари, град Алмана
42. Асарлак, Кочилари, воен логор на Персеј

Најстарите антигонидски фортификации во средното Повардарје ги подигнал македонскиот крал Деметриј I околу Демир Капија, веројатно со цел за одбрана од Келтскиот пробив од 279 година пред н.е. Неговата војска била сместена во кастелот **Маркова Кула, село Корешница** на левиот брег на Вардар, во моќната македонска воено-стратегиска база што претходно ја изградиле Аргеадите.[67] Но, неговата војска од ос-

[67] Откривме монети на Александар I, Аминта III, Александар III; Касандар, Деметриј I, како и тетрадрахма на Патрај.

нова изградила две фортификации: воената база на Рамниште, Демир Капија и кастелот спекула на Горни Краставец, Демир Капија.[68]

Концентрацијата на монетите на кралевите Александар I, Пердика II, Аминта III, Филип II на локалитетот **Марков Град, Корешница**,[69] како и на кралот Филип II од градот Стена на локалитетот Клисурско Маало, Демир Капија,[70] ја потврдува грижата и залагањето на Аргеадите околу заштитата на Демиркапискиот теснец.

Демиркапискиот теснец бил долго време во текот на раната антика (V–III век пред н.е.) контактна зона помеѓу независните Пајонци на север и Македонците на југ, меѓутоа по Келтскиот пробив во 279 година пред н.е, а особено по загинувањето на кралот Деметриј II во 229 година пред н.е., било очигледно дека Македонија нема долго да опстане доколку не организира цврста контрола на долината на Аксиј. Токму тоа го сторил младиот македонски крал Филип V кон крајот на III век пред н.е., а неговите напори за одржување на цивилизацискиот ред и мир во македонската стратегија Пајонија со уште поголеми усилби и залагања ги продолжил неговиот син Персеј во продолжението низ првата половина од II век пред н.е.

Недалеку на север од Демиркапискиот теснец, на **Бели Рид, Калањево / Иберли** се наоѓа антигонидскиот кастел Кале, Калањево. Кастелот има приближно правоаголна форма со една полукружна одбранбена кула на источниот фронтален ѕид. Одбранбениот сувоѕид е маркантен, се наѕира влез на средина на јужната страна. Откривме делови од дно од амфора. За жал на теренот се забележуваат остатоци од многу илегални дупки.[71]

Кралот Филип V посветил внимание и на контролата на патот долж левиот брег на Аксиј/Вардар, на потегот од Демир Капија преку селата Бистренци, Војшанци, Пепелиште, Џидимирци до Уланци. Позначајни се остатоците на утврдувањето на **Градиште Војшанци** (кота 153 м),[72] каде од литературата дознаваме за откриени монети на: Филип V, Персеј, автономна Македонија под Филип V и Персеј, Пела, но како што е очекувано и на римскиот квестор Гај Тамиј.[73]

Наредната населена агломерација е локалитетот **Белата Земја Трнче, Пепелиште**. Локалитетот претставува голема населба од отворен тип со егзистенција од предисторијата, низ антиката и средниот век.[74] Местоположбата на населбата, отспротива градот Антигонеја на Градиште Неготино, е слична како и таа кај градот на Исар, Марвинци и населбата на Градишор, Мрамор, Милетково, или пак населбата на левиот брег на Вардар отспротива градот Стоби. Претпоставувам дека населбата на Белата Земја Трнче егзистирала, како од патот долж левиот брег на Вардар, така и од преминот на реката на ова место.

---

[68] За сите види Лилчиќ (Адамс) В., 2008.

[69] Шелдаров Н., 2003, броевите: 349, 353, 365, 400.

[70] Шелдаров Н., 2003, броевите: 369, 388, 415.

[71] Локалниот говедар Блаже од Калањево кај некои луѓе што ги сретнал на локалитетот, видел *бела пара со слика на орел*.

[72] Микулчиќ И., 1984, 132-135.

[73] Шелдаров Н., 2003, броевите: 110, 134, 544, 578, 620, 663, 707.

[74] Винчиќ Ж., Ивановски М., 1996, 235.




Сл. 11. Кале Бели Рид, Калањево, план В. Лилчиќ Адамс




Сл 12. Градиште, Војшанци, план И. Микулчиќ



Сл. 13. Градиште, Кочилари, град Алмана, од југоисток.




Сл. 14. Асарлак, Кочилари, план В. Лилчиќ Адамс.

Во продолжение, долж левиот брег на Вардар, на ридот **Вршник-Плоча, Цидимирци** спроти Стоби документирав мала антигонидска тврдина со остатоци на монети на Пела и Амфипол, како и оловен проектил со буквите M / NR.

Уште еден значаен антигонидски кастел подигнал Филип V на 1.7 км северозападно од Плоча Вршник, Цидимирци, на платото од ридот **Столот – Чардак, Уланци / Цидимирци**, врз постара населба од доцното бронзено време.[75] Во рамките на овие истражувања на локалитетот биле откриени 10 монети на Филип V и Персеј.

На ридот **Топот, КО Уланци,** што се издига над старата утока на реката Астибос во Вардар, се гледа едно тесно рамно плато со триаголна форма (1 хектар, големо 180x100 м), со контури на западна челна кула, и контури на објект или мал тумул на источниот дел. Платото исполнето со културен материјал, фрагменти садова керамика, што се гледаат и на терасестите падини на исток и југ. Д. Здравковски изнесе во литературата предлог за класификација на локалитетот како опидум од римско време, сѐ уште непроверен со било какво теренско истражување.[76]

Со површинските истражувања на **Градиште КО Кочилари (град Алмана)** документирав планиметрија и движни наоди на силен доцнобронзенодобен град. Нема културен хоризонт од првата половина од I милениум пред н.е., па ниту од V и IV век пред н.е. Дури кон крајот на III и во текот на првата половина од II век се случила обнова на гратчето, и тоа веројатно во обемот на акрополата. Се чини дека плиткото корито преку реката на просторот во југозападното подножје на Градиште, Кочилари, било користено и од страна на македонските кралеви Филип V и Персеј за военостратегиска намена. Сепак, потребни се систематски археолошки ископувања и публикувања на резултатите на двата локалитети за да дојдеме до поиздржани одговори. На локалитетот откривме монети на: Персеј (2), Пела (1) и Амфипол (1).

На локалитетот **Асарлак, Кочилари**, го убицирав воениот логор на кралот Персеј од пролетта 168 година, што тој го подигнал на брегот на реката Аксиј, во акцијата да ги ангажира Бастарните под Клондик за војната против Рим.[77] На локалитетот се откриени монети на: автономна Македонија под Филип V и Персеј (1), Пела (3), Тесалоника (2), Гај Тамиј Публилиј (2).

**Антигонидски воени бази, кастели и други локалитети на десниот брег на Вардар, северно од Велес**

43. Велешко Кале, КО Велес, град Билазора (?) или антигонидска воена база (?)
44. Корија, КО Раштани, воена база врз пајонска населба
45. Градиште, КО Рлевци / КО Слп, кастел, контрола на преминот Дурмишевец
46. Трска, КО Бузалково / КО Слп, воен логор за контрола и одбрана на Дурмишевец
47. Кале Влахчани, КО Слп, кастел за контрола на Белештевичкиот теснец
48. Кале, КО Слп, кастел (врз постар пајонски кастел) за контрола на патот
49. Цуцулигово, КО Карабуниште, кастел за контрола на превојот Петров Гроб

---

75 Neidinger W. & Matthews, E. 1994.

76 Здравковски Д., 1996, 84. Локалитетот го посетив само еднаш, во јули 2007, без да извршам истражување и премер.

77 Lilcik (Adams), V. 2009/2, 467-472.

50. Градиште, КО Добрино, кастел (врз постар пајонски кастел) за контрола на патот кон Скопскиот Басен

**Антигонидска база на Кале Башино село, и други локалитети на левиот брег на Вардар и долж Пчиња, северно од Велес до Катланово**

51. Отовичко Кале, КО Башино Село, воена база, врз пајонска населба

52. Теќе, КО Башино Село, населба од архајски и класичен период

53. Кула Дабици, КО Новачани / КО Сопот, античка крајпатна населба

54. Кале, КО Сопот, две фази, архајски период, доцна антика

55. Градиште-Маркови Кули, КО Летевци, кастел Бедериана (?) (архајски период, класичен период – Пајонија, доцна антика, среден век)

56. Солиште, КО Летевци (архајски период, доцна антика)

Денес е веќе јасно, дека главните дардански, па и други варварски напади од север доаѓале токму по долината на реката Аксиј / Вардар. Археологијата во овој предел го фаворизираше магистралниот пат на линијата: Катланово – Бадер – Летевци, долж клисурата на реката Пчиња, нејзиното устие во Вардар – Сопот и понатаму долж левиот / источниот брег на Вардар. Денес, по обемните теренски истражувања и наоди, може да се рече дека овој пат егзистирал во архајскиот и класичниот период, потоа во доцната антика и средниот век. На овој правец се наоѓаат позначајните утврдувања: Дрма-Смрѓец, село Бадер,[78] Солиште, село Летевци,[79] Градиште Маркови Кули, село Летевци[80] и Кале, село Сопот, односно и Кула Дабици на граница меѓу Сопот и Новачани, како и Кале Башино Село, на крстосницата од која се одвојувал спореден пат на исток кон Овче Поле (преку денешните села Отовица, Сојаклари, Кумарино, Мамутчево, Милино, Ѓуземелци, Кнежје).

Истакнувам дека ова била патната магистрала забележена на Tabula Peutingeriana.[81] Ова е патна магистрала што ја форсирале Римјаните по нивните освојувања, и допрва треба да се докаже во кое време патот бил проектиран – обновен. Веројатно одговорот на ова прашање ќе го дадат истражувањата на пајонските населби и македонските утврдувања на западниот брег на Аксиј / Вардар. Според нашите истражувања напуштањето на раноантичкиот магистрален пат западно од Вардар, и форсирањето на источниот пат, датира некаде до крајот на II век пред н.е. Како изгледа веќе во текот на I век пред н.е. римските воени инжинери го обновуваат патот долж источниот брег на Вардар и долниот тек на Пчиња од нејзиниот влив до селото Бадер, со цел да го избегнат напорниот ридест предел западно од Вардар низ кој што егзистирала споменатата раноантичка патна магистрала, по која марширале римските легии до крајот на II век пред н.е.

Значи, со интензивните теренски истражувања во последната деценија, а особено во 2021 година, откривме дека во раната антика постоел сосема друг, непознат во

---

[78] Види ги резултатите од истражувањата на Angelovski B., Spasova D., Stančevski I., Denkovski K, 2017; Ангеловски Б., Спасова Д., 2018.

[79] Лилчиќ Адамс В., 2019.

[80] Лилчиќ Адамс В., 2019; Толевски И.,

[81] Микулчиќ И., 1999, 225-226, ја опишува трасата.

литературата магистрален пат на десниот / западен брег на реката Аксиј.[82] Трасата на овој пат воглавно водела од Велешко во Скопско долж следните позначајни фортификации: Велешко Кале, Велес – Корија, село Раштани – Кале Влахчани, село Слп – Кале, село Слп – Цуцулигово, село Карабуниште – Градиште, село Добрино – градот на Исар, село Студеничани.

Позначајните отклони од овој пат биле следните:

1. Таканаречениот Прилепски пат што водел од превојот Петров Гроб контролиран од кастелот на Цуцулигово Карабуниште, кон планинскиот премин Дурмишевец, каде бил бранет со антигонидскиот кастел (на Филип V и Персеј) на локалитетот Градиште село Рлевци, како и со антигонидскиот воен логор (на Филип V и Персеј) на локалитетот Трска село Бузалково – во продолжение на југ бил контролиран од антигонидски логор оформен во пајонска населба на локалитетот Глаучица, село Бањица – антигонидската воена база на Кале Стари Град и понатаму низ долината на реката Бабуна кон Пелагонија.

2. Оваа западна Вардарска магистрала, која се поврзувала со патот што водел долж левиот брег на Аксиј / Вардар, била одржувана преку преминување / прегазување на реката под селото Сопот.

Каква била улогата на **Велешко Кале, Велес** во констелациите на концентрирањето на војската на Филип V и Персеј во регионот северно од Велес?

Денес е очигледно дека на Велешкото Кале постои културен хоризонт одраната антика, уште поточно од времето на последните македонски кралеви.[83] Но дали на Велешко Кале има и постар раноантички, пајонски културен хоризонт? Со нашите истражувања откривме една монета на Тесалоника на западната падина под акрополата. Во литературата е публикувана една сребрена тетрадрахма на кралот Филип V, од Велес, за жал не е наведено точното место на наодот.[84] Постои податок дека некаде во околината на Велес биле откриени сребрени тетрадрахми на Персеј.[85]

Што се однесува до останатите погоре наведени антигонидски кастели, во литературата можев да регистрирам само монети од **Отовичко Кале, Башино Село**, и тоа на Тесалоника, како и автономна Македонија под Филип V и Персеј.[86]

Тука накусо би ги споменал најеклатантните наоди, монетите што ги откривме на гореспоменатите локалитети.

Во воената база на Филип V и Персеј, на **Отовичко Кале, Башино Село** откривме вкупно 26 монети, од кои две на Филип V, 14 на Персеј, 3 на Филип V или на Персеј, 1 автономна Македонија, една римска републиканска и т.н. Тука би ги споменал и постарите наоди, една монета на Филип V и 2 монети на Персеј. П. Јосифовски публикува, од овој локалитет: 2 бронзени монети на Филип V и 9 бронзени монети на Персеј.[87] Н.

---

[82] За овој проблем подготвуваме посебна студија: В. Л. Адамс, А. Јакимовски, А. Илиевски, И. Ширтовски, Г. Тренески, 2022: Филип V и Персеј концентрираат војска во долината на Аксиј помеѓу Велес и Скопје.

[83] Микулчиќ И., 1976, 152-153, план сл. 2.

[84] Шелдаров Н., 2003, бр. 527.

[85] Шелдаров Н., 2013, 31.

[86] Шелдаров Н., 2003, броевите: 260, 648, 670, 690.

[87] Јосифовски П., 1994: 57-62.

Шелдаров публикува 20 монети на Персеј.[88] Истиот автор публикува уште и монета на Тесалоника и три монети на автономна Македонија под Филип V и Персеј.[89]

Во воената база **Корија село Раштани** откривме вкупно 69 монети, од кои 5 на Филип V, 12 на Персеј, 17 на Пела, 5 на Тесалоника, 6 на Амфипол, 5 на Гај Тамиј Публилиј, 1 на автономна Македонија, 1 Валентинијан, 1 на Урош, 3 турски и остатокот е нечитлив.

Од кастелот **Градиште Рлевци** е познат наодот на монета на Амфипол.

Од воениот логор на **Трска Бузалково** откриени се засега неколку слепени монети што се стопиле во пожарот на кладите на починатите војници. Овие монети претпоставуваме дека ги исфрлиле илегалните трагачи кои ги ископувале овие гробови.

Во кастелот **Кале Влахчани,** село Слп откривме 11 монети, од кои 5 или 6 монети на Пела, една монета на Тесалоника, една монета на автономна Македонија, една монета-суберат на Дирахион, една доцноримска монета, мал миним неидентификуван, и една монета со претстава на коњ.

Во кастелот **Кале, Слп** откривме 8 монети, од кои 4 на Персеј, 1 мошне излижана монета со контури на шлем на реверсот (веројатно Деметриј I или II тука во секундарна употреба) и 3 доцноантички миними од 4 век н.е. Од поранешните наши истражувања познати се исто така монети на Персеј и една монета на Тесалоника емитирана под римска власт.

Во кастелот **Цуцулигово, село Карабуниште** откривме монета на кралот Персеј.

Во кастелот **Градиште Добрино** откривме поголем број монети од кои тука би ги спомenале оние поврзани со нашата тема, и тоа на македонските кралеви Антигон Гоната, Филип V, Амфипол, Пела, Тесалоника, автономна Македонија.[90]

## III ЗАПАДНО ОД АКСИЈ

### Тврдини на Еригон на линијата Стоби - Аударист

57. Хусков Рид, КО Манастирец
58. Градиште Вачарникот, КО Трстеник
59. Света Петка, КО Трстеник
60. Макарија, КО Камен Дол / КО Дебриште
61. Долно Кале / Градиште, КО Шивец
62. Кале / Горно Градиште, КО Шивец
63. Градиште, Дреново, град Аударист

На линијата долж реката Еригон од Стоби кон Аударист се наредени неколку позначајни локалитети. Првиот е **Хусков Рид, Манастирец**. Се работи за пајонска населба на низок рид веднаш над локалниот пат а на околу 700 метри западно ј/з од речното корито на Еригон, со континуитет од архајскиот период до доцната антика.

[88] Шелдаров Н., 2013, 32, броеви со опис во каталогот: 8, 9, 86, 101, 106, 110, 126, 127, 142, 149, 154, 159, 166, 173, 178, 184, 188, 196, 211.

[89] Шелдаров Н., 2003, броевите: 260, 648, 670, 690.

[90] Сите наоди ќе бидат претставени во студијата на В. Л. Адамс, А. Јакимовски, А. Илиевски, И. Ширтовски, Г. Тренески, 2022.



Сл. 15. Корија, Раштани, од запад с/з.




Сл 16. Кале Влахчани, Слп, од север.




Сл. 17. Кале Влахчани, Слп, план В. Лилчиќ Адамс




Сл. 18. Кале, Слп, план В. Лилчиќ Адамс

И на платото **Градиште Вачарникот, Трстеник** евидентиравме пајонска населба од железно време / архајски период.

Меѓутоа, нешто погоре на просторот каде Еригон тече низ малата клисурка помеѓу ридовите **Макарија, Дебриште / Камен Дол** над левиот брег и Света Петка над десниот брег, на овие ридови биле стационирани македонски воени единици. Платото **Света Петка, Трстеник** со големина од околу 213x130 метри било опколено со одбранбен насип. Локалитетите не се детално истражувани.

**Долно Кале / Градиште, Шивец** е мало плато на самиот десен брег на Црна Река.

Нешто појужно, на 1.3 км од платото Св. Петка се издига доминантниот рид **Кале, Шивец**. На него се наоѓа правоаголен антигонидски кастел, што го документирав во 1986 година.[91] Со подоцнежните истражувања на локалитетот се откриени монети на кралот Филип V.

Патот што водел од оваа група антигонидски кастели, на запад кон Пелагонија, водел преку **Градиште, Дреново**. На овој локалитет И. Микулчиќ го идентификуваше античкиот град Аударист / Еурист. Локалитетот и околината го споменувале и истражувале: И. Јосиф, Б. Филов., В. Радовановиќ, Б. Сариа, Р. Егер, Н. Вулиќ, М. Грбиќ, Д. Коцо, И. Н. Стојковиќ, К. Петров, Т. Томовски, С. Пејиќ, В. Л. Адамс, Н. Шелдаров и други истражувачи, меѓутоа првото теренско истражување со снимање на планиметријата, интерпретирање на градските зони, изврши И. Микулчиќ.[92] Местоположбата на Аударист, на прастариот пат од Повардарјето за Плетвар / Пелагонија, укажува на приматот на овој пат во однос на Еригонскиот пат низ Мариово и Бабунскиот пат. Градот се состоел од акропола, град, долни град на 17 хектари површина, и околни храмови со некрополи. Во текот на нашите истражувања откривме монети на: Аминта III (1), Александар III (1), Лизимах (1), Антигон Гонатас (7), Деметриј II (1), Филип V (6), Персеј (6), автономна Македонија (2), Пела (2), Амфипол (4), Тесалоника (1), последните три под Филип V и Персеј, Тесалоника под римска власт (1), други монети од римскиот царски период, како и еден анонимен византиски фолис од XI век. Во литературата се забележани монети на: Александар I (1), Пердика II (1), Филип II (3), Александар III (1), Антигон Гоната (1), Персеј (1), автономна Македонија под Филип V и Персеј (1), Пела (3), Амфипол (1), пајонскиот крал Дропион (1), Тесалоника под римска власт (1), Стоби (1), сестертиј на Хадријан (1),[93] како и Персеј (5).[94] Не може да не се забележи процентуалното зголемување на монетите на кралевите Филип V и Персеј, како и на автономните монети на Македонија и полуавтономните градови Пела, Амфипол и Тесалоника под нивна власт, што има голема логика да посочува на користењето на градот Аударист од страна на Филип V и Персеј како силна стратегиска база на патот кон Пелагонија.

**Антигонидски бази и кастели и други утврдувања на линијата од Стоби западно покрај Еригон и низ долината на Беловодичка Река западно од градот Аударист кон преминот Плетвар**

64. Стража, КО Фариш
65. Маркова Кула, КО Фариш

[91] Лилчиќ (Адамс) В., 1988-1989,

[92] Микулчиќ И., 1975.

[93] Шелдаров Н., 2003, броеви: 50, 70, 123, 135, 149, 170, 304, 350, 354, 395, 433, 520, 396, 409, 618, 673, 732, 786.

[94] Шелдаров Н., 2013, броеви: 25, 40, 65, 94, 165.

66. Марков Чардак, КО Топлица, кастел стража
67. Венци, КО Ракле
68. Долно Кале, КО Плетвар
69. Горно Кале, КО Плетвар, кастел за контрола на превојот Плетвар

На правецот од градот Аударист, Градиште Дреново, кон преминот Плетвар во Пелагонија, истражував и документирав повеќе антигонидски утврдувања, некои и со постари традиции на оформување, уште од времето на Аргеадите. Најпрво, на 4.3 км западно с/з се наоѓа кастелот **Стража, Фариш**. На врвот од доминантниот рид на северната страна од карпестата клисурка низ која тече Беловодичка Рекичка, бил изграден силен кастел стража, на кој откривме монети на македонските кралеви Касандар и Антигон Гоната.[95] Токму кај овој кастел поаѓал патот што водел преку кастелот Градиште Бели Полани, Никодин за антигонидската воена база на Кале Стари Град во долината на Бабуна.

Во југозападното подножје на Стража, на понискиот карпест рид **Маркова Кула, Фариш**, била оформена мала крајпатна фортификација каде откривме монети на македонските кралеви Касандар, Лизимах и Персеј.

Во продолжение на патот кон Плетвар, на околу 5 км западно с/з од Стража, Фариш, се наоѓа ридчето **Венци, Ракле**, со остатоци од македонски кастел стража на патот. На овој локалитет откривме монети на македонските кралеви: Филип II, Персеј, Пела, потоа на Автономна Македонија под Филип V и Персеј. Во литературата е познат наод на монета на кралот Филип V.[96] Како и растурена остава што содржела најмалку: 2 монети на Филип V (Херакле/меч-харпа), 5 монети на Персеј (Персеј/орел со рало во канџите), 6 монети на автономна Македонија (Ѕевс/молња, легенда ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ), 4 монети од типот Аполон/трипод и 12 монети со претставите Стримон/тридент.[97]

Потоа, на 2.5 км западно се наоѓа ридчето **Марков Чардак, Топлица**. Кај овој антигонидски кастел се одвојувал спореден патен правец што водел преку превојот Клен до тврдината на Грдишка Тумба село Гуѓаково. На локалитетот Марков Чардак откривме монети на Персеј.

Од Марков Чардак, понатаму на околу 10.5 км се доаѓало до малото утврдување **Долно Кале, Плетвар**.[98]

Од Долното Кале наугоре на само 1 км се излегува на планинскиот премин Плетвар. На 500 метри североисточно од преминот на карпест рид документиравме остатоци од антигонидски кастел стража **Горно Кале, Плетвар**.[99] При истражувањата откривме монети на кралевите Касандар, Филип V, Персеј и Пела.

Како што се гледа, патниот правец Керамија – Плетвар – Аударист го контролирале и заштитувале уште македонските кралеви од првата династија на Аргеадите, како и кралевите од втората македонска династија на Антигонидите, Филип V и Персеј.

---

[95] Lilchikj (Adams) V., 2006/1, ; Lilchikj (Adams) V., 2006/2, ; Lilchikj (Adams) V., 2006/3.
[96] Шелдаров Н., 2003, бр. 585.
[97] Šeldarov N., 1996 Шелдаров Н., 1996, 44.
[98] Во ова утврдување доаѓале трговците од античкиот Лихнид за набавка на белиот мермер за градските објекти. Во неговото североисточно подножје егзистирал пазар-агора на кој во жива карпа била релјефно претставена фигурата на Ѕевс Агорај, заштитникот на пазарот. На ниското ридче североисточно над агората бил изграден храм, веројатно посветен на Ѕевс, околу кого пред повеќе години бил просечен пат, со што бил разурнат поголемиот дел од остатоците.
[99] Lilčić Adams, V., 2021,

**Антигонидски и други утврдувања во долината на реката Еригон**

70. Кале, КО Возарци
71. Град Тиквеш, КО Ресава
72. Забот, КО Драдња, кастел спекула
73. Град Модрак, КО Клиново
74. Грдишка Тумба, КО Гуѓаково
75. Градот, КО Манастир
76. Богданова Нива, КО Чаниште
77. Убава Глава, КО Чаниште
78. Град Чебрен, КО Зовиќ
79. Кале, КО Рапеш
80. Кула, КО Скочивир
81. Марково Кале Стрели, КО Скочивир

Според состојбите на теренот, се чини дека кралот Филип V ја обезбедувал и комуникацијата долж реката Еригон / Црна Река, низ Мариово, од Стоби преку Возарци, до Скочивир. Овој прастар пат бил изграден во раната антика од страна на Пелагонците, веројатно во организација на пелагонските кралеви. Овој пат егзистирал во текот на целата антика.

Почетокот на овој прастар пат започнувал кај **Кале, Возарци**. Тврдината е максимално уништена во поново време.[100] Останал зачуван северозападниот дел од подградието каде се забележува дел од одбранбениот ѕид конструиран со големи, грубо рамнети камени блокови.[101] Дали можеби се работи за типична македонска воестратегиска тврдина за контрола и заштита на влезот во клисурата кон југ, или за пајонска тврдина?

На околу 4 км јужно од овој локалитет се наоѓаат остатоците од античко и средновековно гратче на локалитетот **Град Тиквеш, село Ресава**. Локалитетот претставува некогаш доминантен рид, денес потопен во водите на вештачкото Тиквешко Езеро.[102] Древниот град се состои од мала акропола на врвот од ридот, долниот град што се протега на благите падини северно, североисточно и западно под акрополата и големо западно југозападно подградие, потопено во езерските води. [103] На локалитетот откривме монети на Персеј, Тесалоника, како и римски републикански монети. Во близина на локалитетот Црвеникаво Брдо, село Ресава откривме монета на Филип V. Се работи за едно архајско, античко и средновековно гратче кое што егзистирало како од прастарата Еригонска магистрала, така и од рудните ресурси што биле експлоатирани во планинските пазуви на Кожув, во пределите на денешните села Клиново, Рожден, Мрежичко. Во тој контекст тешко е да се коментираат монетите на македонските кралеви

---

[100] За жал, овој значаен локалитет е речиси комплетно уништен со работите на комбинатот ФЕНИ, при што на просторот на акрополата и подградијата веќе неколку децении се исфрлаат отпадни материи.

[101] Потребни се сериозни заштитни археолошки истражувања при кои што, се надевам, ќе може да се дефинира кој го подигнал утврдувањето.

[102] Тажно е што општината Кавадарци никогаш не се заинтересирала, макар и елементарно, за овој извонреден археолошки локалитет – денес остров, понекогаш и полуостров на Тиквешкото Езеро, чиишто води констатно ги поткопуваат скапоцените културни хоризонти.

[103] Види планиметрија и основни податоци кај: Лилчиќ (Адамс) В., 1988-1989.




Сл. 19. Цуцулигово, Карабуниште, план В. Лилчиќ Адамс.



Сл. 20. Градиште, Добрино, од североисток.

Филип V и Персеј, меѓутоа би можеле да претпоставиме дека во рамките на акрополата била сместена една антигонидска воена единица со интерес насочен кон одржување на патот во внатрешноста низ Мариово.

Еригонскиот пат, денес покриен со водите на вештачкото Тиквешко Езеро, продолжувал низ тиквешката, пајонска клисура на југ за околу 13.5 км до карпестиот врв **Град Модрак, село Клиново**. На карпите евидентиравме остатоци од мала стражарска позиција. Фрагментите садова керамика, како и монетите на кралот Касандар и на градот Тесалоника, сведочат за веројатно некогаш убаво оформен кастел стража, чии што одбранбени ѕидини во техниката сувоѕид не издржале и низ вековите се излизгале надолу во реката.[104]

На околу 13.6 км западно по долината на Еригон се наоѓа гратчето на ридот **Грдишка Тумба, село Гуѓаково**.[105] На овој локалитет откривме две постари монети, на Амфипол и монета со претстава на Херакле / кораб (недефинирана), како и монети од 3-4 век н.е.

Наредната фортификација, на околу 12 км западно ј/з, е **Градот, село Манастир**. Пространото плато (4.2 ha) на врвот од нискиот рид на утоката на Лисичка Река во Еригон, било утврдено уште во раната антика, а можеби и порано.[106] Животот во градот течел во континуитет до средниот век. На локалитетот откривме монети на Александар III, Деметриј (мошне излижана, со видливи контури на македонски штит и шлем на реверсот), како и повеќе монети од VI век, потоа наоди и монети од X–XIV век.

Наредниот кастел на локалитетот **Богданова Нива, село Чаниште**, (кота 539 м) на доминантното плато над левиот брег на реката Еригон, очигледно претставувал типичен македонски и антигонидски стратегиски кастел стража на Еригонскиот пат.[107] Откривме монети на македонските кралеви Александар III, Деметриј I, Филип V со Персеј (Ѕевс/Атена Алкидема, монограми: Ф, ПЕР), и на Персеј.

Во близина на Богданова Нива, на околу 1 км западно се наоѓа ниското ридче **Убава Глава**, **Чаниште** (кота 756 м). Карпите на врвот биле обиколени со заштитен сувоѕид.[108] На теренот се гледаат фрагменти садова керамика. Откривме монети на Тесалоника, Пела, Амфипол, но и римски со континуитет до IV век н.е. Се чини дека локалитетот претставувал светилиште со храм.

Наредните три локалитети на југ исто така привлекуваат внимание. Најнапред е **Град Чебрен, Зовиќ**, со остатоците на античко гратче за кое е изнесена хипотеза за убикација на античкиот / рановизантискиот град Антанија.[109] Наредниот локалитет **Кале, Рапеш** претставувал утврден кастел со постар културен хоризонт од железното време, обновен од Антигонидите. Се наоѓа на утоката на Маковска Река во Еригон.[110] Откриени се монети на Персеј, Пела, Амфипол, Тесалоника, автономна Македонија и

---

[104] Види: Lilčić Adams, V., 2018, 55, 61.

[105] Lilčić Adams, V., 2018, 55 f.n. 13, план 62.

[106] Mikulčić I., 2002, 344-347, по грешка го води под КО Чаниште; Lilčić Adams, V., 2018, план на стр. 59.

[107] Lilčić Adams, V., 2018, 56, 68.

[108] Lilčić Adams, V., 2018, 69.

[109] Mikulčić I., 2002, 286-288. За ревидираниот план види: Lilčić Adams, V., 2018, 72.

[110] Lilčić Adams, V., 2018, 56, план стр. 73.

монета што можеби му припаѓала на Антигон Гоната. На наредниот локалитет **Кула, Скочивир** на утоката на Коњарка во Еригон откривме монета на кралот Филип V.[111]

Конечно, на излезот од долгата Скочивирска Клисура, високо над десниот брег се наоѓа сè уште мистериозната тврдина **Марково Кале – Стрели**, со моќна одбранбена фортификација од масивни камени блокови, за која изнесов идеја дека е фондација на македонскиот крал Александар III Македонски, од времето на неговиот поход кон Пелиум во 335 година, што засега е без археолошки потврди.[112]

**Утврдувања и поважни населби, линија Антигонеја - Возарци**

82. Градиште, КО Глишиќ, пајонско гратче, со Белград, некропола
83. Градиште Раштани / Ѓорев Рид, КО Кавадарци

Според состојбите на теренот се чини дека на оваа патна линија, по која води современиот пат Неготино – Кавадарци – Возарци, Филип V не оформил посебен кастел, но има логика да се верува дека го користел пајонскиот град помеѓу Глишиќ и Марена како логистика. Големиот антички пајонски град на **Градиште, Глишиќ** со големата некропола на локалитетот Белград, Градиште го премерив и истражував во 1984 година во рамките на проектот *Стари градови и тврдини во долината на Вардар*. И. Микулчиќ изврши ревизионен премер.[113] На овој локалитет се забележани 4 монети на Персеј,[114] како и монети на Антигон Гоната, Филип V, потоа 3 монети на Пела, една на Стоби, 2 на Тесалоника и една на Тибериј (14-37).[115]

На доминантната тераса **Градиште-Раштани-Ѓорев Рид, Кавадарци**, на околу 2.3 км јужно од ридот Белград (428 м), се наоѓаат остатоци од еден кастел (кота 666 м). Издолженото плато во правец с/з–ј/и било опколено со бедем во техниката сувоѕид. Имајќи предвид дека се работи за извонредно стратегиска позиција со визури како кон пајонскиот град на Градиште село Глишиќ, така и на градот Аударист на запад, претпоставувам дека се работи за уште еден антигонидски кастел.

**Антигонидски бази и кастели во долината на реката Бабуна со околината**

84. Горни Соколец, КО Габровник, кастел спекула
85. Ѓоноец, КО Ораов Дол, антигонидски воен логор
86. Кале Завој, КО Гостиражни / Богомила
87. Марково Кале, КО Теово кастел спекула
88. Градиште Горна Клисура, КО Оморани, воена база
89. Кале, КО Стари Град, воена база
90. Глаучица, КО Бањица
91. Градиште Бели Полани, КО Никодин, кастел стража, контрола на превојот
92. Градиште, КО Крнино, кастел стража на превојот
93. Градиште, КО Бусилци
94. Градиште, КО Долно Оризари
95. Големо Градиште, КО Горно Врановци.

---

[111] Лилчиќ (Адамс) В., 2009/1, 106-107.
[112] Лилчиќ (Адамс) В., 2009/1, 94-101.
[113] Микулчиќ И., 1999, 174-175.
[114] Шелдаров Н., 2013, броеви: 62, 64, 172, 191.
[115] Шелдаров Н., 2003, броеви: 73, 113, 142, 158, 169, 258, 268, 517, 590.




Сл. 21. Градиште, Добрино, план В. Лилчиќ Адамс



Сл. 22. Отовичко Кале, Башино Село, од североисток.




Сл. 23. Стража, Фариш и Маркова Кула, Фариш, план В. Лилчиќ Адамс.




Сл. 24. Горно Кале, Плетвар, план В. Лилчиќ Адамс

Долината на реката Бабуна исцело се наоѓала во рамките на Пајонија. Долж оваа долина, водел најсеверниот пат, врска помеѓу Пелагонија и долината на Аксиј. Имајќи ги предвид моќните антигонидски воени бази и кастели долж патот, денес е јасно дека македонските кралеви Филип V и Персеј обратиле сериозно внимание на овој простор, преку кој очигледно напаѓале воинствени групи од север, и тоа на неколку правци. Планинскиот премин Клетовник во Пелагонија бил бранет со кастелот изграден на високиот врв **Горни Соколец, село Габровник**. Меѓутоа функцијата на овој кастел пред сè била набљудувачка. Од кастелот се гледа преминот Клетовник, како и кастелот на Марково Кале, село Теово.[116]

Блокадата и одбраната на приодниот пат кон Клетовник била реализирана од македонскиот воен логор на локалитетот **Ѓоноец, село Ореов Дол**. Логорот бил оформен на десниот брег на Габровничка Рекичка. На просторот помеѓу Ѓоноечки Дол и долот јужно од него, исполнет со најмалку 7 благи тераси, бил оформен долг утврден простор голем 760x270 метри (9.5 ха). Со истражувањата откривме дека концентрацијата на материјалните наоди се наоѓа на западните тераси, ориентирани кон реката и патот што водел кон преминот Клетовник. Со теренските истражувања на просторот северно од логорот, на двата брега од Габровничка Река, на простор долг околу 1 километар, забележав остатоци од голема војничка некропола. Со површински истражувања откривме монети на Персеј, градовите Пела, Тесалоника, Амфипол, делови од бронзени војнички котлиња (лебеси).[117] Очигледно е дека на рамнината наречена Рамниште, источно од речното корито, на која води асфалтниот пат кон Мокрени, Ореов Дол и Габровник, во II век пред н.е. се одиграла најмалку една голема битка меѓу македонската војска под Персеј против римските воени единици, за што освен монетите на кралот, сведочат и монетите на Гај Тамиј Публилиј (168-166).[118]

Нешто посеверниот премин помеѓу Пелагонија и долината на Бабуна, Завој, бил бранет со кастелот **Кале, Гостиражни / Богомила**, за што сведочи монетата на кралот Филип V. Меѓутоа гледано низ призмата на концентрацијата на наодите, очигледно е дека овој премин бил помалку фреквентен одошто преминот Клетовник. Кастелот се наоѓа на ридот јужно над планинскиот премин. Се работи за силно фортифицирано плато на 60x50 м (0.22 ха, кота 1020.4 м).[119]

На составот на патиштата кон двата наведени премини, во долината на Бабуна, се наоѓаат две фортификации. На доминантниот врв **Марково Кале, село Теово** откривме монета на Персеј, што сведочи за еден стратегиски кастел - набљудувачница. За жал не успеавме да откриеме повеќе наоди од ова време, веројатно затоа што врз антигонидската тврдина бил оформен силен доцноантички кастел (IV–VI век н.е.).[120]

---

[116] Lilčić Adams, V., 2021, 151.

[117] Lilčić Adams, V., 2021, 152-153.

[118] Обрнете внимание на сè уште контроверзното датирање на монетите на квесторот Гај Тамиј Публилиј. Според Т. Роберт и С. Брутон, C. Publilius ковал монети во Македонија под конзулот L. Memmius, види: Robert T., Broughton S., 1951, 466; додека нумизматичарите го датираат ковањето на Гај Тамиј Публилиј од 168–166, види кај: Шелдаров Н., 2003, 132, со цитирана литература: Gaebler H., 1906, и MacKay P. A., 1968, како и кај: Јосифовски П., 2917, 42-49, со цитирана литература во ф.н. 2.

Сметам дека треба што поскоро да обрнеме внимание на остатоците на големата некропола, бидејќи таа е под константни напади на илегалните трагачи.

[119] Lilčić Adams, V., 2021, 149.

[120] Mikulčić I., 2002, 438-439.

На утоката на Габровничка Река во Бабуна, на местото каде што се спојувале патиштата што доаѓале од премините Клетовник и Завој, се наоѓа **Градиште Горна Клисура, село Оморани**,[121] значајна тврдина - воена база на Антигонидите, за што сведочат монетите на Деметриј I, Антигон Гоната, Персеј, автономна Македонија, Пела, Тесалоника, но и на Гај Тамиј Публилиј, што ги откривме на овој локалитет. Во литературата, од овој локалитет се забележани наоди на монети од градовите Амфипол, Тесалоника, Пела, Дамастион, Филип V, автономна Македонија под Филип V и Персеј, како и монети од римскиот царски период заклучно со монетите на Стоби од Јулија Домна и на Диум од Гордијан III.[122] Истиот извор споменува од овој локалитет наоди на 4 монети на Персеј.[123]

Во продолжение на исток североисток се наоѓа моќната антигонидска воена база на **Кале, село Стари Град**. Првите истражувања, планиметрија и интерпретација на локалитетот во литературата изнел И. Микулчиќ.[124] Археолошките ископувања на Т. Јовчевска го открија најстариот културен хоризонт на Кале, од енеолитско време, но и го потврдија егзистенцијалниот континуитет до XIV век н.е.[125] Со нашите истражувања на локалитетот Кале, Стари Град откривме монети на: Филип V и автономна Македонија, додека во литературата се познати монетите на: Филип V, Персеј, Пела, Бероја-Тесалоника, Амфипол, квесторот Лукиј Фулкиниј (168-166), Тесалоника од 42/1 година пред н.е. и Тибериј (14–37).[126]

Моќната антигонидска воено-стратегиска база на Кале, Стари Град била поставена точно на составот на Бабунскиот Пат со споредeн пат, што водел на исток кон соседното село Извор. Од Извор патот се двоел. Еден пат водел за Стоби на линијата преку античката населба Неаполис, што се наоѓала на локалитетот Грамаѓе-Коритник, КО Извор (КП 1027), потоа на Крнинскиот Превој, што бил бранет со силен антигонидски воен логор на **Кале Превој, село Крнино** (монети на Филип V и Персеј, но и монета на Филип II); овој пат продолжувал понатаму на исток/југоисток кон градот Стоби, преку просторите на селата Подлес и Крушевица (Градиште). Друг пат, од Извор, водел преку селото Владиловци и преку превојот во источното подножје на врвот Јасенова Глава, бранет со македонски воен кастел на **Градиште Бели Полани** (монети на Филип V, Персеј Амфипол, Тесалоника), до кастелот на Стража, село Фариш, и понатаму до градот Аударист.

На север Бабунскиот пат се двоел. Главната делница продолжувала долж реката Бабуна кон градот на Велешко Кале, Велес, додека спореден пат се двоел преку селата Чашка, Отиштино, Бањица, Рлевци на планинскиот премин Дурмишевец (забележен во литературата како стариот пат Прилеп - Скопје),[127] и понатаму кон Скопскиот Басен. Овој пат бил контролиран со антигонидскиот логор на локалитетот **Глаучица, село Бањица**, каде откривме монети на Филип V, Персеј, автономна Македонија, Пела.

---

[121] Микулчиќ И., 1982, 138-141.

[122] Шелдаров Н, 2003, броеви: 5, 64, 84, 127, 203, 247, 553, 591 и 664. Н. Шелдаров го именува локалитетот како Горна Клисура, Теово или Горна Курија Теово.

[123] Шелдаров Н., 2013, броеви: 14, 103, 124, 186.

[124] Микулчиќ И., 1982, 133-138; Mikulčić I., 2002, 436-438.

[125] Јовчевска Т., 2008, 1-69, Т. I-XII.

[126] Шелдаров Н, 2003, броеви: 16, 76, 128, 159, 288, 556, 633, 711, 744.

[127] Trifunoski F., J, 1977: 260.

Правците по кои доаѓале Дарданците од север, од Скопскиот басен, во долината на реките Тополка и Бабуна биле следните: еден потежок планински пат водел преку планината Караџица, преку врвот Сипачан, источно од врвот Солунска Глава. Кај селото Горно Јаболчиште патот се двоел. Еден крак водел кон коритото на Бабуна, слегувајќи точно кај селото Нежилово. Од тука водел до селото Богомила и понатаму кон Теово. Од просторот на Богомила се одело кон преминот Завој. Вториот крак се спуштал долж реката Тополка преку селата Долно Јаболчиште, Дреново, Лисиче кон Чашка. На тој правец се наоѓа доминантното утврдување Големо Градиште, Горно Врановци кое што започнав да го истражувам во 1996 година со К. Аџиевски.

За одбележување се и премините на планината Голешница: Вилјак (Дејковец – Дреново) и Дреновскиот Преслап (Горно Добрино – Рлевци). Овој осврт е мошне кус. Локалитетите на овој простор, како и патните траси и делници, заслужуваат специјално внимание од страна на археолозите.

На околу 4.3 км североисточно од Кале Стари Град, на левиот брег на Бабуна се наоѓа **Градиште, Бусилци**. Тоа била крајпатна тврдина – стража за патот. Со истражувањата откривме постар културен хоризонт, фрагменти садова керамика и една лачна бронзена фибула од т.н. малоазиски тип за закопчување на војнички наметки, но и доцноантички културен хоризонт, монети на Валентинијан, Теодосиј и повеќе нечитливи, како и една фибула од рудиментиран луковичест тип.

Секако дека патот водел низ Бабунската Клисура Пешти. Влезот во клисурата од западна страна бил заштитуван од кастелот на локалитетот **Градиште, Долно Оризари**. Тоа бил раноантички кастел, меѓутоа не откривме елементи за поточно датирање. Во продолжение на исток, високо над левиот брег на Бабуна се наоѓаат остатоците на силен доцноантички / рановизантиски кастел Бабунско Кале, КО Црквино.[128] Според ваквата констелација, се чини дека Бабунскиот пат се спојувал со Вардарскиот пат на вливот на Бабуна, од каде на север с/з на само 2.5 км се наоѓа градот на Велешко Кале.

## IV ИСТОЧНО ОД АКСИЈ

**Во регионот на Доберите (Валандовско) и Астраите (Струмичко / Радовишко):**

96. Исар – Извор Св. Петар, КО Валандово, антички град Добер
97. Вестерно, КО Раброво (стражарски кастел и спекула)
98. Василица, КО Костурино (стражарски кастел и спекула)
99. Падарница, КО Куклиш (стражарски кастел)
100. Цареви Кули, КО Струмица, антички град Астрајон
101. Градиште, Рич[129]
102. Градиште, КО Сушица
103. Пилав Тепе, КО Шопур

---

[128] Mikulčić I., 2002, 421-422.

[129] Шелдаров Н., 2003, броеви: 105, 145, 250, 287, 293: Пела, Тесалоника, Тесалоника 42/1 г., Тесалоника Октавијан Август. Точната местоположба на овој локалитет сè уште не е позната.




Сл. 25. Град Тиквеш, Ресава, од југоисток, од кастелот Марков Гроб.



Сл. 26. Горни Соколец, Мокрени / Габровник, од преминот Клетовник.

Секако дека кралот Филип V испратил воени одреди кон Струмичкиот басен. Со деталните истражувања на градската акропола на пајонскиот град Астрајон, З. Рујак евидентираше монети на македонските кралеви Аминта III, Филип II и Александар III. Потоа 29 бронзени монети од едно погребување, по два примероци бронзени монети на Антигон Гоната, Филип V, Персеј, како и градовите Пела, Тесалоника, Амфипол. И тука се појавува монета на римскиот квестор Гај Тамиј Публилиј (168-166). Интересна е констатацијата на З. Рујак, дека: Најголем подем населбата ќе доживее во времето на последните македонски кралеви Филип V и Персеј. *Најголемиот број наоди е токму од оваа епоха. Овој факт и не треба да не изненадува со оглед на политиката која ја воделе последните македонски кралеви, кои биле насочени кон проширување на државата кон север. Согласно тоа, во рабните подрачја на Македонија најверојатно концентрирале голем воено-административен апарат кој имал логистичка улога при нивните походи на север.*[130]

Претпоставувам дека војската на кралот Филип V навлегла во Струмичкиот крај по истиот пат по кој патувале Делфиските теородоси во првата четвртина од II век пред н.е. Овие свештеници тргнале од светилиштето Делфи на север за да канат посетители во Делфи. Како што е забележано, нивната патека водела преку местата градовите: Идомене, Астрајон, Брагиле и т.н.[131] Интересно е тоа што во списокот не се споменува градот Добер. Би можеле да претпоставиме дека делфиските свештеници тргнале рано наутро од Идомене (Исар, Марвинци). Минувајќи низ градот Добер (Валандово), не застанале затоа што ги чекал долг пат преку планините до Струмичкиот басен каде се наоѓал градот Астрајон.

На ова место нема да се впуштам во анализа на проблемот на убикацијата на градот Добер, за кој што мислам дека се наоѓал на локалитетот **Исар–Извор Свети Петар, Валандово**. Само ќе информирам дека со нашите истражувања на овој локалитет во 2016 и во 2021 година, евидентиравме нешто над 100 монети, со котите на наоѓањето на повеќето од нив, забележени со Гармин ГПС уредите. Меѓу нив се монетите на Персеј, полуавтономните градови Амфипол, Пела, потоа на Гај Тамиј Публилиј, Јулија Меза, Отацилија Севера, Проб, Валенс, Валентинијан, Теодосиј, Аркадиј, Јустинијан, византиски скифати (уранисци), потоа на венецијанскиот дужд Франческо Дандоло (1329–1339), како и сребрени отомански монети веројатно од XV или XVI век н.е. Овие наоди, како и сè што согледавме на теренот, во комплет со високиот кастел на Жапката на највисокото карпесто плато на север над градот, потоа објектот Кула на карпестиот срт, како и остатоците на недвижни и движни наоди и објекти на Зелениште и Стакина Чешма на просторот на денешно Валандово, укажуваат на голем и значаен антички и средновековен град, којшто никако не може да се смета за укрепено селиште во средниот век, како што истакна И. Микулчиќ.[132] Овој град, за кој што претпоставувам бил античкиот град Добер, а се наоѓал во граничното подрачје меѓу Пајонија и Амфакситида, веројатно му послужил на кралот Филип V како стартна позиција во анексијата на југоисточните пајонски области во Струмичко и Радовишко, впрочем како и градот Астрајон кај Струмица. Патот од градот до големата рамнина на село Костурно бил

[130] Рујак З., 2021.
[131] Папазоглу Ф., 1957, 43, ф.н. 23.
[132] Микулчиќ И., 1996, 165.

контролиран со античкиот македонски кастел на ридот **Вестерно, Раброво**, на кој што биле евидентирани монетите на македонските кралеви: Филип II, Александар III, Касандар, Антигон Гоната, Филип V, монета на автономна Македонија под Филип V, монети на Амфипол и Тесалоника под Филип V, но и монети на Тесалоника под римска власт.[133]

Тесниот, клисурест премин низ кој тече рекичката Тркаљавиште на север бил контролиран од антигонидскиот кастел на локалитетот **Василица, Костурно**. Кастелот го истражував и ја снимив неговата планиметрија во 1986 година. Врвот од ридот (кота 593 м, над западниот брег на рекичката) бил утврден веројатно од страната на Филип V, чија што монета откривме на локалитетот. Но кастелот бил користен и подоцна во текот на доцната антика. На северниот крај на клисурата во близина на село Раборци, патот се делел.

Еден крак водел на исток-североисток кон Струмичкиот басен, каде бил контролиран со два кастели. Некаде на средината се остатоците на доцноантичкиот кастел на локалитетот **Кула / Градиште / Чука, КО Триводи** (кота 441 м), и ридот **Падарница, КО Куклиш** (кота 310 м) на кој што истражував и снимив значаен кастел од времето на Филип V и Персеј. Неговата функција била да го штити излезот од клисурата на Тркањска река кон Струмичкото поле. Во литературата е спомената остава на 14 монети на Персеј од овој локалитет, датирани од 174/3–168 година пред н.е.,[134] што можеби била сопственост на некој Персеев војник-стражар во овој кастел, што тој ја сокрил во 168 година пред н.е. Друг крак водел на запад во долината на реката Лакавица кон Штип, преку просторите на селата Раборци, Почево, Белотино, Рич, Липовиќ и т.н.

Струмичкиот и радовишкиот простор бил исполнет со пајонски населби и утврдувања, при што е логично да се очекува Филип v да поставил неколку кастели. Да ги споменам тука: **Клисе, село Свидовица** (монети на Деметриј I, Амфипол, Стоби, Тесалоника, Калигула, Трајан, Филип I Арабјанинот),[135] Китка, село Банско, Градиште село Ново Коњарево, Градиште Чардак Ново Село, **Градиште, село Сушица** (каде според непроверени информации биле наоѓани монети на Филип V и Персеј), потоа Големо Градиште село Дрвош, Градиште село Доброшинци, Пилат село Висока Маала, Градиште Сушејски Порој село Злеово, Градиште село Варварица, Кулата село Водоча, Чујпетел село Дукатино, Голема Кала село Калуѓерица, Мала Кала село Калуѓерица (мала акропола со големата пајонска населба во североисточното подножје), Исар село Почивало, Градиште село Козбунар, Тумба село Ораовица, Марково Кале село Подареш, Градиште Илимица во Радовиш и други. Сепак со досегашните истражувања на овие локалитети, не се регистрирани, откриени монети на Филип V и Персеј.

З. Рујак со право насетил дека градот на Царевите Кули веројатно послужил како стартна точка за македонската експанзија на север особено под кралевите Филип V и Персеј. Сепак, судејќи по остатоците на воените фортификации очигледно е дека фокусот на Антигонидите се концентрирал по долината на Аксиј во правец кон Скопскиот басен од каде јавале Дарданците, како и со фокус долж планините Конечка и Серта кон Астибос (Штип) и Билазора (Кнежје), како и на запад-северозапад кон Пелагонија.

---

[133] Шелдаров Н., 2003, броеви: 19, 53, 72, 80, 244, 264, 270, 278, 295, 401, 412, 445, 498, 516, 557, 671.

[134] Шелдаров Н., 2013, стр. 43.

[135] Шелдаров Н., 2003, броеви: 32, 233, 264, 276, 302, 314, 514, 756.



Сл. 27. Кале Завој, Богомила / Гостиражни, од југозапад.



Сл. 28. Марково Кале, Теово, од југоисток.

**Фортификации во регионот на Пајонија долж долниот тек на реката Астибос и сливот на Лакавица:**

104. Градиште Кара Шаши, КО Убого
105. Коџа Баши КО Убого (кастел стража)
106. Исар КО Црешка, (претпоставен антигонидски воен контингент во акрополата);
107. Градиште КО Јамуларци (кастел стража)
108. Долно Кале, КО Богословец / КО Доброшани (кастел стража на патот крај Астибос);
109. Горно Кале, КО Богословец / КО Доброшани (пајонски кастел и рановизантиски кастел стража)
110. Тиса село КО Јамуларци / КО Доброшани (антигонидски стражарски кастел и спекула);
111 Кале, КО Јамуларци / КО Скандалци (кастел на Персеј);
112. Градиште Крст, КО Криви Дол (пајонски град и македонска воена база во акрополата)
113. Исар, КО Штип (пајонскиот град Астибос со претпоставена воена единица на Персеј во акрополата ?)
114. Исар, (Аџи Амзали) КО Едеклерци, (пајонска населба и воена единица на Персеј во акрополата);
115. Градиште, КО Драгоево, пајонска населба со акропола
116. Градиште Веледрица, КО Драгоево, пајонска и доцноантичка утврдена населба
117. Перчи Кулбаши, КО Аџи Реџепли (воена база во акрополата)
118. Големо Кале, КО Пухче, пајонско утврдено гратче со живот до доцната антика
119. Кале Антени на сртот на Серта, КО Лесковица (антигонидски стражарски кастел и спекула);
120. Цитате, КО Шеоба, антигонидска воена база

Кај градот Стоби, со преминување на реката Аксиј од десниот на левиот брег започнувал патот долж реката Астибос на север кон областа Овче Поле со пајонските градови кај селата Кнежје, Немањици, Мечкуевци, Судиќ, Криви Дол, како и кон градот Астибос кај Штип.

Филип V и Персеј организирале воено-стратегиски операции за анексија на источните делови на Пајонија. Нивната војска марширала по долината на долниот тек на реката Астибос (Брегалница). Тие граделе воени бази и кастели ориентирани кон, во близина, и во акрополните сектори на позначајните пајонски градови и населби.

Очигледно е дека тие на стратегиски начин оформувале бази и кастели со цел да ги контролираат главните патишта покрај, и кон позначајните пајонски населбински агломерации. Тој и неговиот син подигнале неколку кастели долж планинскиот срт Конечка планина – Серта со задача да ги контролираат Пајонците кои живееле долж реката Лакавица.

Засега теренската состојба не укажува на тоа дека Антигонидите се ориентирале и кон горниот, источниот дел од долината на реката Брегалница, како што биле жи-

во заинтересирани кон западните предели на Пајонија што граничеле кон Скопскиот Басен и кон Пелагонија.

Војската на Филип V очигледно марширала по прастариот пат од Стоби по долината на реката Астибос. Како што е познато, коритото на реката, на просторот од Штип до нејзината утока во Вардар, е оформено со повеќе големи кривини и завои. Сепак на определни дистанци регистриравме населби и утврдувања. На почетокот е античката населба на локалитетот **Градиште Кара Шаши, Убого.**[136] За жал оваа населба ниту е позната во литературата, ниту овој пат ѝ посветивме време. Потоа следи утврдувањето на локалитетот **Коџа Баши село Убого** (културни хоризонти од раната антика до II век пред н.е.), со доминантна акропола и југозападно подградие. Северно од овој локалитет на околу 3.6 км се наоѓаат остатоците од градот на **Исар, Црешка**.[137] На просторот на селото Црешка се забележуваа остатоци од гробови – цисти од архајско време. Всушност, истражувајќи ја долината на Брегалница забележавме еден необичен феномен. Имено, од Штип до нејзината утока во Вардар, на двата брега на Брегалница се забележуваат огромен број на некрополи и гробови. Изобилие на мали или големи тумули и рамни некрополи. За жал, ова енормно културно богатство, можеби над 20.000 и повеќе гробови и гробници, е константно под напад и денес е веќе крајно време да се започне со систематско евидентирање од страна на специјализирани археолошки тимови со активно користење на ГПС инструменти и други археолошки помагала за нивно прецизно документирање во просторот. На околу 3.7 км североисточно од Исар, Црешка, се наоѓаат остатоци од мала населба од отворен тип, на левиот брег на месноста **Ески Балар, Црешка**. Од тука на север, наспроти утоката на Светиниколска рекичка се наоѓа **Градиште Јамуларци** (кота 277 м), чии што културни хоризонти максимално eродирале по падините. Од тука од Брегалничкиот пат се одделувала делница долж Светиниколска река на север, а во продолжение на исток патот минувал низ теснецот меѓу ридовите Тиса и Нерезини (атарите на Богословец и Доброшани). Теснецот бил бранет со три утврдувања. **Долно Кале, Богословец / Доброшани** (антигонидски кастел) на десниот брег на Брегалница, **Горно Кале, Богословец / Доброшани** (кота 382 м, Пајонија и доцна антика - 6 век), исто така на десниот брег и утврдувањето **Тиса, Јамуларци / Доброшани** на врвот од ридот Тиса на левиот брег (антигонидски кастел). На околу 2.3 км јужно од врвот Тиса се наоѓа **Кале, Јамуларци / Скандалци** (Сиври Тепе, кота 400 м), каде била сместена воена единица на кралот Персеј (според откриена монета на Персеј). На левиот брег на Брегалница се наоѓаат остатоците на повеќе пајонски населби кои биле контролирани од антигонидската војска. Најеклатантен пример е гратчето на локалитетот Ерен и Исар, село Едеклерци (некогашно раселено село Аџи Амзали). Претпоставуваме дека во акрополата на ридчето **Исар, Едеклерци (Аџи Амзали)** била сместена македонска воена единица на Персеј (откриени две монети на Персеј). Кон југ слична ситуација забележавме и на локалитетот **Перчи Кулбаши, Аџи Реџепли** (кота 502 м), каде на просторот на селото и падините на ридот се забележуваат остатоци од голема пајонска населба. Во акрополата на оваа населба откривме една монета на Персеј. На **Градиште, Драгоево** (кота 506 м 1.78 км западно од селото) забележавме исклучиво пајонска населба. Меѓутоа не е јасна ситуацијата со моќната

[136] КО Убого, КП 66, на јужната периферија на раселеното село Аџи Јусуфли, лев брег на Брегалница.

[137] Микулчиќ И., 1987: 101-123.




Сл. 29. Падарница, Куклиш, од север.



Сл. 30. Василица, Костурино, од југ.

утврдена населба на **Градиште Веледрица, Драгоево** (2.2 км јужно од селото кота 579 м). Очигледно се работи за постара пајонска утврдена населба чии што ѕидови биле обновувани до доцната антика. Во литературата се забележени монети на македонските кралеви Филип III (323-317), и Персеј,[138] односно 4 монети на Персеј,[139] неодредено, од Драгоево. Според состојбите на теренот, претпоставувам дека овие монети можеби се откриени на локалитетот Градиште Веледрица, Драгоево, но уште поверојатно е да биле откриени на локалитетот Перчи Кулбаши, село Аџи Реџепли, што се наоѓа на 1 км јужно од Градиште Веледрица. Селото Аџи Реџепли е напуштено, без жители, па затоа можеби наодите на овие монети биле наведени под селото Драгоево, што е на 3 км северно.

На Серта, на околу 1 км западно од селото Пухче се наоѓа пајонското гратче на ридот **Големо Кале / Коџоман Каласи или Пушча Каласи, Пухче** (кота 760 м) со континуитет на живот до доцната антика. На 4.57 км јужно југозападно, се наоѓа силниот антигонидски кастел **Цитате, село Шеоба** (при истражувањата откривме 2 монети на Персеј, 1 на автономна Македонија, мала бронзена фибула од Малоазиски тип, врв од стрела). Очигледно е дека антигонидската војска маширала низ долинката на Шеобски Поток од Пепелиште на север кон селото Аџи Реџепли. Војниците на ридот Цитате, кај селото Шеоба (раселено) оформиле силен кастел, ориентиран кон пајонското гратче на Големо Кале, Пухче.

На едно доминантно плато на Конечка Планина, кота 878 м, на 1 км јужно југозападно од селската црква во село Лесковица, а 270 метри јужно југоисточно од антените, односно на 1.15 км југоисточно од планинскиот превој што ги дели Конечка Планина на југоисток и Серта Планина на северозапад, се наоѓа локалитетот **Кале Антени, село Лесковица**. Се работи за пространо плато што било опколено со заштитен ѕид а во кое што биле сместени воени единици на Филип V и Персеј, судејќи според откриените монети на локалитетот.

Со теренските истражувања забележав дека концентрацијата на утврдувањата на Филип V и Персеј се наоѓа во пределите јужно од Овче Поле. Додека во северниот дел од Овчеполскиот басен се наоѓаат пајонски населби. На пример утврденото гратче на **Градиште село Орел** (архајски период), или пак отворената населба на локалитетот **Поза Рид, село Малино** со егзистенцијален континуитет низ антиката. На Поза Рид откривме една монета на Персеј, што можеби посочува на напорите на Персеј да го блокира патот по кој би напаѓале Дарданците од правецот Горно Коњарево – Сушица – Дервен – Малино.

Погоре го споменав **Градиште Крст, село Криви Дол**, на околу 8.5 км северозападно од Штип. На овој локалитет е откриена монета на Дероните, потоа монетите на македонските кралеви: Александар I (1), Филип II (2), Александар III (2), Филип V (1), монети на Пела, Амфипол, автономна Македонија под Филип V и Персеј,[140] и Персеј (4).[141] Градиште Крст претставува акропола на голем пајонски град, што се простира на југ, исток и особено на североисток, со протегање и преку современиот автопат Штип-

[138] Шелдаров Н., 2003, броеви: 492, 616.
[139] Шелдаров Н., 2013, броеви: 98, 118, 156, 175.
[140] Шелдаров Н., 2003, броеви: 68, 18, 136, 348, 399, 403, 466, 475, 571, 647.
[141] Шелдаров Н., 2013, броеви: 50, 174, 201, 210.

Свети Николе. На локалитетот имаме појава на монети на Аргеадите, за што ќе се бараат одговори во некои идни археолошки истражувања.

**Поважни градови и тврдините во регионот на Овче Поле**

121. Градиште, Кнежје (Билазора ?), пајонски град
122. Градиште, Немањици, пајонски град
123. Градиште, Мечкуевци, пајонски град
124. Градиште, Орел, пајонско гратче архајски-класичен период
125. Кула село Ќоселери, антигонидски кастел
126. Градиште Инџирлик, Ќоселери, пајонска населба на тераси
127. Кале, Ќоселери, кастел
128. Градиште село Делисинци, военостратегиска база на Персеј
129. Свети Јован Богослов, Богословец
130. Ќунче, село Кадрифаково, антигонидски кастел на Филип V
131. Кале, Џидимирци, македонски кастел
132. Поза Рид, Малино, отворена населба со можен воен логор на Персеј
133. Градиште, Алакинце (мон. на Тесалоника под Филип V и Персеј)
134. Голема Вукосија, Пезово, пајонска утврдена населба
135. Градишки Врх, Градиште, голема пајонска населба
136. Острец, Длга, пајонска полу-утврдена населба
137. Марково Кале, Лугунци

**Стоби – Крнино**

138. Градиште, КО Крушевица

29. Видинград, Водоврати, град АРГОС

**Антигонеја – Пештерница – Промет – Гарван – Трескавечка Чука**

139. Градиште, Пештерница
140. Кула на Промет
141. Трескавечка Чука, КО Долна Враштица / КО Горна Враштица

Се смета дека во широкиот регион на Овче Поле егзистирале нешто над 200 пајонски населби од отворен и затворен тип. Меѓу нив се истакнува градот на **Градиште, Кнежје** со импресивните остатоци на една луксузна палата во рамките на акрополата. Логиката на антигонидската воена база на **Градиште село Делисинци** како и кастелите на **Кула** и **Кале, Ќоселери** биле усмерени кон централниот пајонски град во Овче Поле Градиште, Кнежје, како и кон пајонските градови на локалитетите **Градиште, Немањици**, **Градиште Мечкуевци**, **Кула Судиќ.**

Од друга страна во текот на истражувањата градот на Градиште Кнежје не беа откриени монети на Филип V и Персеј.

Во литературата е забележано дека на Градиште Делисинци се откриени 23 монети на Персеј,[142] како и монети на Амфипол, Пела, Тесалоника, автономна Македонија под Филип V и Персеј.[143] Согласно наодите, очигледно е дека на Градиште Делисинци

---

[142] Шелдаров Н., 2013, 32, броеви: 19, 23, 49, 60, 68, 85, 91, 105, 114, 121, 128, 130, 135, 139, 146, 157, 161, 176, 177, 190, 193, 207, 216.

[143] Шелдаров Н., 2003, 32, броеви: 11, 21, 111, 147, 237, 641, 645, 653.

се наоѓала военостратегиска база, во која била сместена војската на македонските кралеви Филип V и Персеј. Во ваквата констелација, на позиција на градот Билазора на Градиште Кнежје, град кој што кралот Филип V го освоил во 217 година пред н.е., очигледно е дека функцијата на антигонидската военостратегиска база на Градиште Делисинци заедно со споменатите кастели, била насочена како кон најголемиот пајонски град во Овче Поле, така и силна контрола на патиштата, од долината на реката Аксиј кон Штип, како и патната делница долж Светиниколска река кон Брегалница. Линијата на патот водел преку просторот на Каратманово, Дорфулија, Ќоселери, Делисинци, Кадрифаково, Криви Дол, Штип. Во атарот на Кадрифаково се наоѓаат остатоци од еден кастел, **Ќунче, Кадрифаково**, на кој откривме монета на Филип V.

142. Барбарево Горно, Градиште под Грамада
143. Добрево, Градиште
144. Дренок, Градиште
145. Лезово, Градиште
146. Пишица, Вшник
147. Долни Стубол, Вршник
148. Бели, Градиште
149. Дулица, Калата
150. Град, Градо
151. Стар Караорман, Градиште Горно Поле
152. Горни Балван, Градиште Богослов Камен
153. Горни Балван, Градиште Киево
154. Горни Балван, Лозенско Градиште
155. Брест, Бртиовци
156. Јунузлија, Кула,
157. Крупиште, Голем Цапар
158. Црвулево, Кула
159. Ново Село / Брест, Плоча
160. Кучичино, Градиште
161. Спанчево, Градиште
162. Блатец, Градиште
163. Виница, Виничко Кале
164. Виничка Кршла, Градиште 2
165. Истибања, Кале
166. Берово, Попов Рид
167. Калаузлија, Кула
168. Водоча, Кула
169. Колицко / Габреш, Остравица (керамика фибули пајонија ; рим
170. Голем Радобил, Рајчов Рид
171. Клиново, Кале Драчевица
172. Камен Дол, Главата
173. Галиште, Горно Градиште

Пајонците интензивно го населувале горниот тек на реката Астибос / Брегалница. Во прилог изнесувам селективен список на позначајните фортифицирани градови и тврдини, меѓу кои особено се истакнува градот на Виничко Кале. Се смета дека во



Сл. 31. Исар, Црешка, од југозапад.



Сл. 32. Долно Кале, Богословец / Доброшани, од исток.

горниот тек на Брегалница во раната антика навлегувале тракиските Меди. Меѓутоа, не се познати военостратегиски кастели на антигонидските кралеви Филип V и Персеј на овој простор.

## V ПРЕМИНИТЕ ОД СКОПСКО И КУМАНОВСКО ВО ПАЈОНИЈА

Имајќи ги предвид можните даргански пробиви кон Овчеполскиот регион, истите можеле да се реализираат преку следните патишта и премини.

**I. Кумановско – патот долж реката Лука, крстосницата на превојот Кампур-Караула на тромеѓата меѓу селата Градиште, Пезово, Кокошиње – Градиште, Кнежје**

На оваа траса води и актуелниот асфалтен пат Куманово – Свети Николе. На 1 км североисточно од превојот Кампур-Караула се наоѓа уште еден превој - Раскрсје, преку кого минувал патот од градот на **Големо Градиште, Коњух** за Овче Поле. Превоите се бранети со фортификациите: **Голема Вукосија, Пезово** (пајонска утврдена населба / рановизантиски кастел на врвот). Западно од Кампур-Караула се издига широкото плато **Градишки Врх, Градиште**, што било фортифицирано. Движните наоди укажуваат на раноантичка пајонска населба, со егзистенција до средниот век. Не се откриени наоди што би укажувале на античко македонско присуство. Можеби железната пирамидална стрела што И. Микулчиќ ја интерпретира како доцноантичка, била раноантичка противпанцирна стрела.

**II. Кумановско – Колицко – превој Гробје (кота 533 м) Алакинце – Кнежје**

Оваа траса е сепак најпогодна за влез од Кумановско во Светиниколско од север. Долж неа се наоѓаат следните утврдувања.

– **Градиште, Орашец**, Агријанска населба со можна раноантичка македонска воена база во рамките на карпестата акрополка. Оваа населба егзистирала до средниот век. Се наоѓа на левиот брег на Пчиња (кота 345 м). Се состои од мала карпеста акропола и големо северозападно подградие исполнето со контури од градби. Селаните велат дека на локалитетот биле наоѓани монети со претстава на орел како колве змија (Аминта III), потоа монети со човек со лавовска кожа на главата и легнат лав и натпис ΚΑΣΣΑΝΔΡΟ. Со нашите истражувања на локалитетот откривме монета на Јустин II, византиски скифат од 13-14 век и средновековна сребрена монета на локален феудалец. Сепак позицијата на овој локалитет вовлечен во клисурата на Пчиња кон југозапад при што е очигледно дека се работи за контрола на прастариот пат долж реката Пчиња низ пределите на општините Старо Нагоричани, Куманово, Петровец.

– **Каљиште, Орашец**, рановизантиски кастел стража. Кастелот се наоѓа на 1 км источно од селското училиште, кота 546 м, и се состои од акропола и западно подградие.

– **Островица, Скачковце**, кота 545 м, 825 м западно с/з од Скачковскиот манастир, сиромашна железнодобна утврдена населба.

– **Островица**, на тромеѓата на селата **Колицко, Габреш и Живиње**, кота 666 м. Се работи за конусовиден врв, на 2.9 км југоисточно од центарот на село Колицко. На овој локалитет документирав остатоци од утврдување од доцната антика, остатоци од одбранбен сувоѕид.

– **Градиште, Алакинце**, кота 513 м, рановизантиски кастел.

**III. Патот Живиње – Д'лга - Вак'в**

Постоел и преминот од Кумановско во Свети Николско, од левиот брег на Пчиња од селото Вак'в преку Д'лга до Живиње, долг околу 9 километри. На излезот кон Овче Поле, на ридот **Острец, Д'лга**, документирав мала полуутврдена населба со културен хоризонт од раната антика. На ридот се гледаат станбени тераси со фрагменти рачно работена садова керамика. Претпоставам дека населбата егзистирала делумно од прастариот пат, но и врз база на аграрното стопанство. Нема елементи за компактен одбранбен ѕид околу платото.

Значајно е да се спомене дека на само 1.5 км источно с/и се наоѓа доминантното утврдување на ридот Островица, Колицко/Габреш/Живиње, од каде што, имајќи ја предвид непречената визуелна комуникација, сосема логично можел да се заштитува излезот од долинката Вак'в- Живиње.

**III. Горно Коњари на Пчиња – Сушица - Дервен – Малино**

На овој правец се наоѓаат локалитетите:

– **Градиште на Пчиња**, Агријански - пајонски град со големо јужно подградие Нојна. Во акрополата веројатно бил сместен македонски воен гарнизон (монети на Александар III Македонски, Деметриј I, Патрај. Не се откриени монети на Филип V и Персеј.

– **Градиште, Сушица**, рановизантиски кастел.

– **Поза Рид, Малино**, пајонска населба од отворен тип. Откриена монета на Персеј.

**IV. Средно Коњари на Пчиња – Дивље (Кула с Дивље 6 век н.е.) – Џидимирци (Кале)**

На овој правец се наоѓа

– **Кула, Дивле**, рановизантиски кастел стража

– **Кале, Џидимирци**, непосетено.

**V. Катланово на Пчиња (Бањски Рид монета на Деметриј) – Градманци – Круша – Лугунци**

Долж долината на реката Пчиња доклументирав голем број утврдени населби и кастели од антиката и од средниот век. На овој правец се наоѓаат следните локалитети.

– **Бањски Рид, Катланово**, Катлановска Бања, наод на бронзена монета на Деметриј I или Деметриј II.

– **Кале / Марково Кале, Лугунци**, кастел за контрола на патот.

**VI. Катланово – Катлановска Брезица - Отовица**

На овој правец денес минува современиот автопат Скопје – Велес. И. Микулчиќ наведува дека кај селото Катлановска Брезица постоел кастел што го контролирал прастариот пат што минувал токму низ селото.[144] За жал таков кастел не успеав да откријам. Локалните жители не знаат за такво место.

[144] Микулчиќ И., 1976,



Сл. 33. Градиште Веледрица, село Драгоево, од југ.



Сл. 34. Кале Антени, Лесковица, од северозапад.



Сл. 35. Цитадела, Шеоба, поглед на западниот одбранбен ѕид.



Сл. 36. Градиште, Кнежје, од североисток.

Да се осврнам накусо и на пајонскиот град на локалитетот Градиште, село Кнежје, претпоставената Билазора. И. Микулчиќ со идејата да го претстави овој град како најголем пајонски град, на основната градска *intra muros* површина (акрополата со северното подградие) од 8 хектари, ја додаде и површината од претпоставеното јужно предградие и истакна вкупна површина од 19.62 ха,[145] што заостанува зад реалната површина од 16 ха. Ова значи дека градот кај Кнежје може да се рангира со поголемите пајонски градови: Аударист (17 ха), Стена (10/11 ха), но заостанува зад градот Астибос чии што приближно измерена површина изнесувала дури околу 30 ха (акрополата со подградието на локалитетите Исар и Стар Конак). Впрочем ценејќи ги камените архитектонски остатоци од древниот град под Исарот, откриени на Стар Конак во Штип,[146] некако логично е да се смета дека најголемиот град на Пајонија бил градот Астибос а не Билазора. Патем, зборовите на Полибиј, кој што можеби во случајов преувеличувал за да го истакне успехот на кралот Филип V, (Pol. V, 97: … Βυλάζωρα … μεγίστη πόλις τῆς Παιονίας, односно Βυλάζωρα, μεγίστην οὖσαν πόλιν τῆς Παιονίας),[147] може да значат и: *мошне големиот пајонски град*, но и: *великиот пајонски град*, а не токму: *најголемиот пајонски град*.[148]

Наодите на монети од археолошките истражувања се скромни: племенска пајонска монета, монети на македонските кралеви: Филип II, Александар III, Деметриј Полиоркет, Антигон Гоната, монета на автономна Македонија под Филип V и Персеј, како на пајонските кралеви: Авдолеон (дидрахма и драхма) и Дропион,[149] а спомената е уште една монета на автономна Македонија под Филип V и Персеј, како и монета на Авдолеон.[150] Сметам дека остатоците од големиот град на локалитетот Градиште, Кнежје, имаат реално подеднаква шанса за откривање на монетите на Филип V и Персеј како и големиот број тука спомената локалитети, уште повеќе откога Филип V го освоил градот Билазора, згодно сместен за контрола на премините од кои Дарданците вообичаено продирале во Македонија. Токму поради тоа, нејасно е зошто, освен две монети на автономна Македонија под Филип V и Персеј, на локалитетот Градиште, Кнежје, воопшто не се откриени монети на самиот крал Филип V? Или пак монети на Персеј, кој го повикал Бастарнот Клондик да дојде пред Билазора, да подигне камп и таму да преговараат?

Според Тит Ливиј: … *Персеј замина со половина од целата своја сила* (*војска*) *од својот логор кај Елпеј и почна да најавува низ сите села и градови што се наоѓаат долж неговата патека дека треба да подготват многу резерви пченка, вино и добиток. Тој зеде со себе коњи со нивните седла и војнички наметки како подарок за нивните* (галските) *офицери и мала количина злато што ќе се подели на неколку војници, верувајќи дека масата на војската ќе биде привлечена од надежта за повеќе. Тој отиде најдалеку до градот Алмана, постави логор покрај реката Аксиј. Галската војска се наоѓаше кај Десудаба во Медија, чекајќи ја предвидената плата. Персеј го испрати Антигон, еден од дворските благородниците, да им нареди на војниците да го префрлат својот логор кај*

---

[145] Микулчиќ И., 1976, 158,

[146] Лилчиќ (Адамс) В., 2001,

[147] Според Папазоглу Ф., 1957, 232, ф.н. 3.

[148] За укажувањето на можноста во преводот во значење на *мошне големиот* град Билазора, или *великиот* град Билазора, благодарам на професорите д–р В. Саракински и д–р В. Софрониевски.

[149] Mitrevski, D. 2016/2, 12, сл. 4.

[150] Шелдаров Н., 2003, бр. 651, бр. 773.

*Билазора, место во Пајонија, и нивните офицери да дојдат да се сретнат со него. Тие беа оддалечени седумдесет и пет милји (111.375 / 112.5 km) од логорот на кралот (Персеј) кај Аксиј. Откако Антигон им ги даде овие наредби (на Галите) и им кажа какво изобилство од подароци кралот се погрижил да обезбеди за нив по трасата на нивното марширање, и какви подароци на облека и сребро и коњи, кралот подготвил за офицерите откога тие ќе пристигнат, тие одговорија дека ќе дознаат сè за ова на лице место. Потоа се распрашаа дали го донеле златото да се подели според договорот меѓу коњаниците и пешадијците. На ова немаше одговор. Тогаш нивниот поглавар Клондик рече: „Врати се! Кажи му на кралот, Галите нема да тргнат чекор понатаму, освен ако не го добијат златото и заложниците". Кога (Антигон) го извести кралот, тој одржа воен совет. Кога стана очигледно каква би била едногласната одлука, кралот почнал да се откажува од перфидноста и дивјаштвото на Галите, пороци што многумина веќе ги доживеале до пропаст. Беше опасно да се прими толку огромно мноштво во Македонија; тие би можеле да ги сметаат за попроблематични како сојузници, отколку Римјаните како непријатели; 5000 коњаници би биле сосема доволни за да се искористат во војната, и не премногу за да бидат опасни.* (Liv., XLIV, 26.)

*На сите им беше јасно дека кралот се плаши да плати толку голема сума, и бидејќи никој немаше храброст да се обиде да го одврати, Антигон беше вратен да каже дека кралот ќе ангажира само 5000 од нивната коњаница и нема да ги задржува останатите. Кога варварите го слушнаа ова, имаше мрморења на огорченост од остатокот на војската што беа повикани да ги напуштат своите домови без никаква цел. Клондик повторно праша дали ќе ја плати предвидената сума на 5000. Дозна дека овој избегнува да одговори, па го испрати лукавиот гласник назад неповреден – третман на кој самиот човек едвај се осмели да се надева. Галите се вратија на Истар (Дунав), уништувајќи ги оние делови на Тракија што лежеа на трасата на нивната маршрута* ... (Liv., XLIV, 27.)

Од една страна, од текстот на Ливиј имам чувство дека кралот Персеј, откако се влогорил на брегот на Аксиј, како да немал намера да се помести од таму, туку би ги чекал Галите токму на Вардар, за да се вратат назад кон Елпеј. Дали можеби, имајќи ги предвид изнесените сомнежи, великиот пајонски град Билазора што го освоил кралот Филип V, што бил згодно поставен за упадите од Дарданија во Македонија, сепак бил градот на Велешкото Кале, Велес? Меѓутоа, од друга страна пак, се чини дека повикот на Персеј до Клондик – да се сретнат кај Билазора и да преговараат, сепак оди во прилог на убикацијата на градот на Градиште, Кнежје, на чијашто рамнина, доколку би дошло до судир, Персеј можел да ја развие фалангата во напад.

## VI Заклучни разгледувања

Македонските кралеви постапно ја шиределе државата на север, анектирајќи ги териториите на северните соседи. Тоа биле кралствата Пајонија, Пелагонија и кнежевствата Пенестија, Девриоп, Дасаретија, за кои сè уште не е познато дали успеале да основаат монархии.[151]

[151] Mikulčić I., 1966, 1-96, T. I-XXIX; Папазоглу Ф., 1985, 70-100; Petrova E., 1999, 1-255; Лилчиќ (Адамс) В., 2009/1, 1-232.

Со интересите свртени кон балканскиот југ, македонските кралеви уште во најраната антика, со намалена сила, ја обезбедувале северната заднина. Делумно поради стабилната цивилизација на пајонското кралство, а делумно и поради тоа што Дарданците во тоа време се занимавале со притисоците врз Трибалите и Агријаните.

Македонските кралеви од Александар до Антигон Гоната држеле војска во Агрианија: Полог, Скопскиот Базен и Кумановско, за одбрана од Дарданците.[152] Но, III век пред н.е. донел големи пресврти. Во 279 година пред н.е., преку Дарданија и Пајонија пробиле воените одреди на Келтите, предводени од Брен и Акихориј.[153]

Освен тоа, во текот на III век пред н.е. Дарданците бргу се стабилизирале и започнале константни ограбувачки походи кон југот. Во тие напади најмногу страдале северните делови од земјите на Пелагонците и Пајонците.

Во една битка во 229 година пред н.е. со Дарданците загинал кралот Деметриј II. Власта ја понел Антигон Досон. Само 8 години подоцна тој умира, а на негово место, во 221 година пред н.е. застанал младиот 17-годишен Филип V. Сознанието за неговата младост ги предизвикало најжестоките дардански напади од север. Пајонија немала сили за одбрана. Но, младиот македонски крал Филип V имал најмалку два мотиви: одмаздата за татка си и одбрана на Македонија.

## Дали анектирањето на Пајонија било насилно?

Голем дел од Пајонците сигурно не биле позитивно расположени кон Македонците, имајќи предвид дека уште од IV век пред н.е. постоело антимакедонско движење. Имено, историските вести ни зборуваат за 356 година пред н.е., кога Филип II Македонски ја елиминирал антимакедонската коалиција помеѓу пајонскиот крал Ликпеј, тракискиот водач Кетрипор и дарданскиот водач Граб.[154] Имајќи предвид дека македонските кралеви уште од архајскиот период ги анектирале земјите на долните пајонски племиња, претпоставуваме дека антимакедонското расположение се пренесувало низ поколенијата, па така било и во III век пред н.е.[155] Ова расположение се насетува во долините на Аксиј и Астибос и преку извесни археолошки моменти. Имено и покрај молчењето на историските извори за модусот на анектирањето на Пајонија, на терените гледаме автентични докази дека Филип V демонстрирал кампања на воена супремација, со оформувањето на голем број воени бази и кастели, наведени во овој текст. Ги дефиниравме конкретните археолошки локалитети – антигонидските воени бази и кастели со кои Филип V ја притискал Пајонија до нејзиното конечно анектирање и прогласување за македонска стратегија.

Во постарата литература беше прифатено дека Пајонија била анектирана од страна на кралот Антигон II Гоната,[156] но, во поглед на овој проблем, Ф. Папазоглу е мошне децидна. Имено Пајонија во времето на овој македонски крал била независна

---

[152] Лилчиќ Адамс В., 2016; Лилчиќ Адамс В., 2019.

[153] Papazoglu F., 1969., 106-111; Hammond, N. G. L. & Walbank, F. W. 1988, 251-253; Petrova E., 1999., 20-21, со цитирана литература.

[154] Papazoglu F., 1969., 105, фн. 18.

[155] Petrova E., 1999., 22-23.

[156] Papazoglu F., 1969., 112, фн. 45.




Сл. 37. Градиште, Кнежје, план И. Микулчиќ.




Сл. 38. Кула, Кишино / Ќоселери,
план В. Лилчиќ Адамс.

под кралевите Леон и Дропион. Ф. Папазоглу смета дека кралот Антигон Досон ја припоил јужна Пајонија кон Македонија и го подигнал градот Антигонеја на реката Аксиј, а дефинитивното анектирање го реализирал кралот Филип V.[157]

Изворите всушност, нѐ убедуваат дека тоа веројатно и не би се случило, да не биле константните упади на Дарданците во Пајонија и Македонија, како и популациската експанзија на тракиските Меди во горното течение на реката Астибос (Брегалница).

Раноантичкото независно кралство Пајонија, во времињата на најголемата моќ се протегало во долината на реката Астибос, во горниот тек на реката Струмешница и во средниот тек на реката Аксиј (Вардар). Тогаш владееле кралевите Авдолеон (315–286/5), Леон (278–околу 250) и Дропион (ок. 250–ок. 230). Сѐ уште е отворен проблемот на главниот град на кралството: дали бил градот Астибос (Штип) или градот Билазора (Кнежје, Свети Николе?). Очигледно е дека една од моќните економски подлоги за оформувањето на пајонската цивилизација во долината на Астибос, била експлоатацијата на златните и сребрени руди од Осоговскиот планински масив во близина на средниот тек на реката Астибос.

Постои хипотетичка идеја дека во кризните моменти на III век пред н.е., последниот пајонски крал Дропион владеел од градот Аударист (Градиште, село Дреново), каде се претпоставува дека ги ковал неговите бронзени монети.

Потсетуваме дека сѐ уште не се научно разјаснети сребрените монети на владетелите Теутај, Бастареј, Никарх, Симон, Диплај, од доцниот V и од IV век пред н.е. Се претпоставува дека станува збор за локални пајонски владетели, „кнезови“, имајќи ја предвид големата територија што ја населувале голем број пајонски племиња во текот на архајскиот и класичниот период. Денес можеме да зборуваме за најмалку шест географски целини во кои егзистирал античкиот пајонски народ. Се работи за Горновардарска Пајонија, Долновардарска Пајонија, Долнобрегалничка Пајонија, Горнобрегалничка Пајонија, Струмичко-радовишка Пајонија; но, областите на горното течение на реката Вардар (Полог, Скопско), како и долината на Крива Река ги населувале исто така Пајонците, поточно пајонските Агриани под кралот Лангар.

Во целата оваа голема територија егзистирале голем број пајонски градови, гратчиња, цивилизациски средишта во овие региони, населби. Би ги споменал на ова место: Добер (Исар, Валандово), Астрајон (Цареви Кули, Струмица), градот на Пилав Тепе (село Шопур, меѓу Штип и Радовиш), населбата на Голема Кале (село Калуѓерица, радовишко), гратчето на Трескавечка Чука (село Долни Радеш), градот Астибос (Штип), населбата Запара (Голем Цапар, село Крупиште), Келенидин (се претпоставува на Виничко Кале, Виница), Армонија (Калата село Дулица), градот на Кула (село Судиќ, штипско), градот на Градиште кај село Немањица (светиниколско), градот на Градиште село Кнежје (Билазора?), Алмана (Градиште, Кочилари), Аударист (Градиште, Дреново), Арг на локалитетот Видин Град село Водоврати, Стоби на утоката на Еригон во Аксиј, Антигонеја (Градиште Неготино, и Стена (Клисурско Маало и Бања, Демир Капија). Во македонскиот дел на пајонското кралство Агријанија позначајни градови

[157] Papazoglu F., 1969., 111-117.

биле на локалитетите кај селата Бразда и Студеничани, односно на Градиште на реката Пчиња кај селото Младо Нагоричани во општината Старо Нагоричани и т.н.

Во овој момент останува отворено прашањето дали и во кој од овие градови столувале споменатите владетели кои емитирале сопствени сребрени монети? Северните независни пајонски заедници во раната антика напредувале повисоко во цивилизациски поглед и меѓу нив секако постоел културен натпревар по углед на градовите на Блискиот Исток.

Во времето на Антигон II Гоната (283–240/39), Дарданците се мирни. Поетот Антагора патувал во придружба на кралот Антигон Гоната во еден поход на Дарданците на север, датиран приближно од 276 до 274 година пред н.е. В. Тарн се сомнева дека овој поход бил насочен кон Дарданците.[158] Моите теренски истражувања со сигурност лоцираат правец на движење и подигање воени кастели од страна на воени единици на кралот Антигон Гоната насочен во одбрана на северозападната граница на Македонија, т.е. на влезовите во Линкестида и Девриоп, низ кои доаѓале упадите на Илирите – иако на овој за нив споредeн правец можеле да упаѓаат и Дарданците преку Полог и Кичевско кон Демир Хисар. Очигледно е дека правецот на движењето на Антигон Гоната, од Линкестида преку Девриоп, го покажуваат воените утврдувања-кастели што тој ги оформил. Тоа била линијата Долно Кале, Лера – Градиште, Граиште – Градиште, Жван. Имено, како што видовме, кај кастелите на локалитетите: Долно Кале кај селото Лера на реката Шемница (Бева) за блокада и заштита на патот кон градот Линк (Црнобуки); Градиште, село Граиште (девриопскиот град Брианиј); и кастелот на локалитетот Градиште кај селото Жван во долината на Еригон низ Демир Хисарско, откривме особено зголемена концентрација на монети на Антигон Гоната, што се резултат на платите на неговите војници.[159] Неговите монети се откриени во единечни примероци во долината на Аксиј / Вардар на локалитетите: Вардарски Рид, Гевгелија; Клисурско Маало, Демир Капија; Градиште, Неготино; Градиште, Згрополци; Градиште Добрино, Исар, Студеничани (2), Скопско Кале. Монетите на Антигон Гоната исто така во единечни примероци ги забележуваме и западно од Вардар на: Градиште, Глишиќ; Градиште, Дреново; Стража, Фариш, и Градиште Горна Клисура, Оморани на Бабуна; додека источно од Вардар се забележани на: Вестерно, Раброво и Цареви Кули, Струмица.

Во средината на III век пред н.е., седум години по неуспешното крунисување на Аристон, синот на Авдолеон, за крал на Пајонија во 285/4 година пред н.е., го гледаме пајонскиот крал Леон (по 278–ок. 250) кој кова свои бронзени монети.[160] Во тој контекст умесно е прашањето, дали можеби Леон, уште пред Дропион, бил тој кој ја дислоцирал пајонската престолнина на десниот брег на Вардар во градот Аударист, пред агресивните тракиски Меди во горниот тек на Брегалница?

Дропион (ок. 250–ок. 230 година пред н.е.), кој со владеењето навлегува во втората половина од III век пред н.е., ја консолидирал Пајонија и се смета за основач на пајонскиот којнон (заедница), судејќи според натписот на базата за коњаничка статуа на самиот Дропион од Олимпија, што му ја посветила пајонската заедница.[161]

---

[158] Papazoglu F., 1969., 111, фн. 43.
[159] Лилчиќ В., 2009., 74-76, 196-198.
[160] Petrova E., 1999., 21, 107; Pavlovska E. 2008., 24.
[161] Papazoglu F., 1969., 111-112; Petrova E., 1999., 21.



Сл. 39. Градиште, Делисинци, од север.




Сл. 40. Градиште, Делисинци, план В. Лилчиќ Адамс.

Можеби таквата консолидирана Пајонија под кралот Дропион била причина за нејзиното заобиколување од Дарданците. Тие навлегувале по западните коридори, веројатно низ долината на реката Треска во Пелагонија, и можеби битката во која бил разбиен и веројатно загинал македонскиот крал Деметриј II (239–229) се одвивала на фронтот Барбарас – Дебреште во северна Пелагонија. Ова мнение би добило на тежина доколку се докажеше дека бронзените штитови од Старо Бонче, припаѓале на воената гарда на кралот Деметриј II, а не на Деметриј I Полиоркет, на што индиректно упати движниот археолошки материјал откриен во заштитната сонда[162] околу керамичниот ќуп, од кој штитовите биле насилно извлечени од страна на некој илегален трагач.

## Смртта на македонскиот крал Деметриј II

Инаку, податоците во изворите за овој настан се скромни. Според Ливиј, дарданскиот водач Лонгар војувал против македонскиот крал Деметриј II.[163] Според Помпеј Трог, кралот на Македонците Деметриј бил разбиен од Дарданците, а по неговата смрт, управувањето во името на неговиот син Филип V го презел Антигон Досон.[164]

Дали во овој контекст можеби станува збор и за поклопување на крајот на двата крала, пајонскиот Дропион и македонскиот Деметриј II? Имено, можеби во големиот пробив на Дарданците под водачот Лонгар, околу 230 година,[165] долж Вардарската магистрала, најпрво паднал Дропион со што е обезглавена Пајонија, а потоа, во 229 година пред н.е. и Деметриј II. Во врска со овие историски моменти, Ф. Папазоглу верува дека Дарданците во тоа време ја загосподариле Пајонија.[166]

Како и да е, Пајонија во времето на осумгодишното владеење на македонскиот крал Антигон III Досон (229–221) немала крал. Според тоа, денес можеме да претпоставиме дека токму Антигон III Досон, кој ја организирал одбраната на Вардарскиот коридор, го реализирал анектирањето на Пајонија кон кралството Македонија. Историските извори молчат за било каква анексија на Пајонија кон Македонија под Антигон III Досон. Голема штета е што кралот Антигон III Досон не исковал поситни пари од неговите јубилејни тетрадрахми, за да можеме да го следиме на терен и преку нумизматиката. Кралот Деметриј II сепак ковал помали бронзени апоени,[167] иако нивната идентификација сè уште се смета за проблематична.

Ф. Папазоглу, цитирајќи ги тезите на Гр. Г. Белох и Ф. В. Валбанк дека Антигон III Досон им го отстапил северниот дел на Пајонија на Дарданците, истакнува дека овој македонски крал ја припоил јужна Пајонија кон Македонија, а за нејзината контрола го оформил градот Антигонеја на Аксиј (Градиште, Неготино), како македонска воено-стратегиска база.[168]

Забележавме дека монетите на кралот Антигон Гоната на просторите на Пајонија се минимални наспроти големата концентрација на монетите на Филип V и Персеј.

---

[162] Bitrakova Grozdanova V., 2007., 863-873.

[163] Liv. XXXI. 28. 1, 2.

[164] Papazoglu F., 1969., 112, ф.н.47.

[165] Papazoglu F., 1969., 112, ф.н. 47, фн. 48.

[166] Papazoglu F., 1969., 112.

[167] Таневски, Д., 2019, 301-305.

[168] Papazoglu F., 1969., 113-114, ф.н. 54.

И. Микулчиќ, кој изработил посебна студија за убикација на Антигонеја на локалитетот Градиште кај Неготино, без да ја коментира оваа идеја, основањето на градот Антигонеја безрезервно му го припишува на македонскиот крал Филип V.[169] Сепак, Пајонија во текот на владеењето на македонскиот крал Антигон III Досон се наоѓала во мошне тешка состојба. Од север постојано упаѓале Дарданците, од југот марширала во одбрана македонската војска.

Најжестоките Дардански напади на Македонија се одвивале во времето на младиот крал Филип V (221–179), кој бил востоличен на седумнаесет години.[170] Имајќи ја пред очи *тукуречи бесмртната* (дарданска) *омраза кон македонските кралеви* и кон неговата младост,[171] Филип V бил свесен дека мора дефинитивно да ја обезбеди северната граница. Тоа го сторил во 217 година пред н.е.

Полибиј за овој настан забележал:

*Во исто време кралот Филип го освоил Билазора, великиот пајонски град, поволно сместен за упадите од Дарданија во Македонија. Со неговото освојување, речиси се ослободил од дарданската опасност, бидејќи Дарданците повеќе не можеле толку лесно да упаѓаат во Македонија откако Филип го освоил споменатиот град, а со него и приодите кон Македонија.*[172]

Што можеме да научиме од овој цитат? Дека пајонскиот град Билазора во тоа време бил во рамките на Македонија. Полибиј во својот текст го истакнува ова дури трипати.

Натамошните извори за 209 година пред н.е. говорат за силен и длабок дардански пробив во Македонија, но преку западните коридори, низ Пелагонија и Линкестида, сè до Орестида.[173] Ф. Папазоглу претпоставува дека оваа, западна насока на дарданскиот пробив, се должи на силната контрола на долината на Вардар од страна на кралот Филип V, диктирана како од страна на освоениот град Билазора, така и од две македонски воени бази (Отовичко Кале, Башино Село; Корија Раштани) но и од уште неколку антигонидски кастели и логори, што ги откривме во текот на минатите години и особено во 2021 година.

Да спомeнеме само уште три историски податоци од изворите, сметајќи дека се корисни за овој текст:

Сметајќи дека за неговата контраофанзива против Рим, би било полезно да има опсервација над земјата од највисоката планина, кралот Филип V решава да се искачи на планината Хем (Haemus, Балкан планина во Република Бугарија).[174] На оваа експедиција тој тргнал од градот Стоби. Откако ја преминал земјата на тракиските Меди и пустата зона потоа, на седмиот ден дошол до подножјето на планината Хем. Но, пред да тргне, тој го вратил својот романофилски настроен син Деметриј назад, во Македонија, со намера да не ги дознае неговите крајни намери за војувањето против Рим. За овој настан Тит Ливиј забележал: *За безбедноста на патот на Деметриј во Македо-*

[169] Микулчиќ И., 1984., 167-136.
[170] Papazoglu F., 1969., 114-115, ф.н. 58.
[171] Papazoglu F., 1969., 115, ф.н. 59.
[172] Pol. V, 97.
[173] Papazoglu F., 1969., 117-118, ф.н. 74.
[174] Lyv. XL. 21.

*нија, бил задолжен да го придружува* ***Дида, стратегот*** (управителот) ***на Пајонија****, еден од кралските офицери* (генерали)*, со не многу голема придружба.*[175]

Подолу во истата книга, Ливиј наведува како *Деметриј замислувал бегство кај Римјаните; и* ***стратегот на Пајонија*** *му се прикажал како помошник пратен од боговите, затоа што* ***низ неговата провинција*** *Деметриј се надевал да се промолкне, не подложувајќи се на опасност.*[176]

А на трето место Ливиј вели: *Нив ги вооружил и собрал* ***Пајонецот Дида од Пајонија****, којшто го убил младиот Деметриј.*[177]

Што ни кажува ова? Дека во моментите на елиминацијата на македонскиот принц Деметриј, помладиот син на кралот Филип V, Пајонија е веќе македонска провинција, и тоа во административната форма стратегија или воен протекторат, со воен командант на чело. Тоа бил кралскиот генерал Дида, кој бил Пајонец од Пајонија.[178]

* * *

Да ги резимираме накусо и почетните археолошки елементи на Филиповиот проект стратегија Пајонија.

Стартната точка за анектирањето на Пајонија била Амфакситида, од каде кралот Филип V тргнал во средниот тек на Аксиј / Вардар, во Пајонија. Очигледно е дека стартни бази биле градовите Гортинија (Вардарски Рид, Гевгелија) и Идомене (Исар, Марвинци). На Вардарски Рид биле откриени поголем број монети на кралевите Филип V и Персеј, како и монети на полуавтономните области и градови под Филип V и Персеј; Амфипол, Пела, Тесалоника, како и монети на римскиот квестор Гај Тамиј Публилиј.[179] Амфакситидскиот македонски град Гортинија ја имал улогата на „отскочна штица" на воените операции на Филип V во правецот долж десниот / западниот брег на реката Аксиј; од градот Идомене на Исарот кај село Марвинци, пак, стартувале воените операции како долж левиот / источниот брег на реката Аксиј, така и кон југозападна Пајонија – областите на Струмичко и Радовишко. Ова го потврдуваат монетите на Филип V, Персеј,[180] меѓу кои посебно внимание привлекува откриената остава од бронзени монети на кралот Филип V, веројатно траг на Филиповиата кампања кон Пајонија.[181]

Демир Капија била северна македонска гранична точка со маркантната воена база на локалитетот Маркова Кула, село Корешница, оформена уште под Аргеадите во раната антика. Втората насока по која Антигонидите тргнале во освојувањето на Пајонија е патот од Амфакситида преку зоната на Доберите и Астраите, што значи од Гевгелиско, Валандовско, преку просторот на селото Костурино во Струмичко и понатаму Радовишко.

---

[175] Lyv. XL. 21. 9.

[176] Lyv. XL. 23. 2.

[177] Lyv. XLII. 51. 6.

[178] За дискутабилноста на пајонската припадност на Дидас, види кај: Petrova E., 1999., 150, ф.н. 32.

[179] Хусеновски Б., 2004, 36-46.

[180] Шелдаров Н., 2003, види броеви: 549, 550, 569, 572, 575, 576, 579, 580, 581, 586, 588, 595, 630, 636, 682.

[181] Šeldarov N., 1996, 41-43, T. I-II.

Главните македонски воени утврдувања во Демир Капија биле расположени и на двата брега на реката Аксиј. На левиот брег се наоѓале македонските тврдини со стражарски кули на споменатиот локалитет Маркова Кула Корешница и на Челевечко Кале, село Челевец. На десниот брег се наоѓале македонските тврдини на локалитетите Рамниште и Горни Краставец, на високиот карпест срт помеѓу Демир Капија и селото Клисура.

Истражувањето на нивните содржини и фортификациски периметри ја датираат Маркова Кула, Корешница оптимално или во времето на кралот Александар I (498–452), чиј што сребрен тетробол е најраната откриена монета. На локалитетот се откриени бронзени монети на: Аминта III (394/3–370/369), Филип II (359–336), Александар III (336–323), Касандар (316–297), и во концентрација на Деметриј I Полиоркет (294–287). Наодите на монети на кастелот на Горни Краставец, како и идентичната фортификациска рамка со воената база на Рамниште, Демир Капија, ги датираат овие две утврдувања во периодот по владеењето на Александар III, т.е. во првата половина од III век пред н.е., преку монетите на Александар III (сребрена драхма искована постхумно во Колофон во 310 година пред н.е., и четири бронзени монети на Деметриј I Полиоркет.[182]

Македонското навлегување во Пајонија пред сѐ имале за цел да ги спречат пробивите на Дарданците низ долината на Аксиј. Тоа значи дека експедициите на Антигонидите воделе главно во таа насока. И токму тоа го потврдуваат историските извори, споменувајќи извесни точки поврзани со експедициите на македонските кралеви Филип V и Персеј во таа насока: на пример, освојувањето на градот Билазора, или стартот на Филиповата експедиција на планината Хем од градот Стоби – или пак маршот на македонската војска на Персеј до градот Алмана на реката Аксиј (Градиште, село Кочилари) во последниот обид да ангажира сојузничка војска за војната против Рим.[183]

Точно е дека Филип V ја стабилизирал одбраната на ридско - планинската зона помеѓу регионите на Велес и Овче Поле на југот и скопско–кумановско на север, на што прелиминарно посочуваше И. Микулчиќ.[184] Нашите истражувања уште конкретизираа концентрација на антигонидската војска на Филип V и Персеј, на Аксиј северно од Велес. Сѐ уште не можеме децидно да тврдиме дека тоа била најсеверната македонска гранична линија во тоа време, имајќи ги предвид сѐ поголемиот број нумизматички наоди на Аргеадите и Антигонидите во регионите на Полог, Скопско и Кумановско.[185]

Филип V организирал колонизација на долината на реката Аксиј. Тој ја основал воената база Антигонеја, подоцна конвертирана во цивилен град, населил колонисти во Гурбита (Градиште село Згрополци,[186] а иако сѐ уште немаме конкретни докази, ја претпоставувам можноста дека токму тој го ревитализирал со колонизација стариот град Алмана (Градиште, Кочилари).[187]

---

[182] Lilcik (Adams) V., 2008., 2-26.

[183] Lilcik (Adams) V., 2010., 2010, 23-28; Lilchikj Adams V., 2021-2022.

[184] Микулчиќ И., 1976., 1976., 149-164.

[185] Лилчиќ Адамс В., 2019.

[186] Станчевски И., 1997., 68-80.

[187] Lilcik (Adams) V., 2010.

Во овој контекст мошне е важно дефинирањето на протогениот карактер на античкиот град (според монетните наоди очигледно значајна военостратегиска база на Антигонидите) Антигонеја на Градиште, Неготино.

Филип V навлегол во долината на Аксиј. Тој го согледал значењето на прастариот крстопат кај денешно Неготино, од каде се одвојувал на запад патот кон градот Аударист и кон Пелагонија, на исток кон Астибос преку планината Серта. Моите теренски истражувања ги посочија правците на напредувањата на Филиповите воени единици: во долината на Лакавица, по сртот на Конечка и Серта и по долината на Аксиј. Токму кај Неготино на Вардар, му била потребна координација со двата источни правци, но и со патот кон Пелагонија на запад. Верувам дека токму од овие конкретни воено-стратегиски потреби на Филип V произлегло оформување на военостратегиска база на платото на Градиште Неготино.

Во основа не постојат историски податоци дека Антигонеја на Аксиј била во старт оформена како град, но и обратно. Името Антигонеја (Antigoneia) се појавува многу подоцна, на т.н. Појтингерова Карта, изработена според оригинален документ што датира од IV век н.е. Животот во градот Антигонеја кај Неготино започнал во архајско време,[188] што значи дека тоа била една пајонска населба. Но, на локалитетот доминира културен хоризонт датиран во доцниот Македонски период (III и II век пред н.е.), со забележителна концентрација на монетите на Филип V и Персеј (19), и повеќе примероци на автономна Македонија под Филип V и Персеј.

Забележувам дека на најголемиот број тука претставени локалитети – военостратегиски бази и кастели каде што престојувале воените единици на Филип V и Персеј, ги откриваме монетите на римските квестори Гај Тамиј Публилиј (168–166) и Лукиј Фулкиниј (168–166). Ова значи дека по поразот на македонската војска кај Пидна во 168 година пред н.е., Рим организирал преземање на сите военостратегиски точки што ги држела македонската војска, па така и воените бази и кастели во Македонската стратегија Пајонија, за што сведочат монетите на Публилиј и Фулкиниј.

Концентрацијата на македонската војска во регионите на Велес и Овче Поле сепак била неминовна. Споменавме дека резултат на македонското присуство во овие простори се најмалку двете споменати утврдувања, Отовичко Кале кај Башино Село и Кале кај селото Слп. Нешто посеверно од Кале, Слп се наоѓа уште еден кастел оформен во раната антика со потврдена антигонидска припадност (монета на кралот Персеј). Тоа е кастелот на локалитетот Цуцулигово кај селото Карабуниште. Се чини дека најсеверната точка до која стигнала Филиповата (Филип V) војска била фортификацијата Градиште село Долно Добрино, во скопската општина Зелениково.

Изворите од ова време молчат за односот на Антигонидите и пајонскиот град Аударист (Градиште, Дреново). Меѓутоа, имајќи ја предвид визуелната комуникација помеѓу македонската воена тврдина на Горни Краставец со акрополата на градот Пелагонија на врвот Висока, село Крушевица, каде што се регистрирани монети на кралевите Деметриј I Полиоркет и Антигон Гоната, како и претставените антигонидски воени фортификации во овој труд, индиректно укажуваат на фактот дека Антигонидите цврсто ги контролирале патните комуникации од долината на Аксиј кон Пелагонија,

[188] Микулчиќ И., 1984., 111, ф.н. 1, 118-126.

што е потврдено со повеќе антигонидски кастели опишани во овој текст. А исто било и со комуникациската линија долж долината на реката Бабуна помеѓу северна Пелагонија и Велешкиот регион.

Според тоа, клучни антигонидски тврдини во насоката од реката Аксиј преку градот Аударист, планинскиот превој Плетвар до градот Керамија (Варош кај Прилеп), се регистрирани на локалитетите: Стража и Маркова Кула село Фариш, Марков Чардак село Топлица и Горно Кале село Плетвар.

Во насока од долината на Аксиј долж долината на Еригон кон линкестидскиот град Линк (Црнобуки), регистриравме тврдини на локалитетите: Забот село Драдња, Богданова Нива село Чаниште, Кале село Рапеш, Кула село Скочивир.

Во насоката од Велес долж долината на реката Бабуна кон планинските премини Клетовник и Гостиражни во Пелагонија, ги регистриравме антигонидските кастели, бази и воени логори на локалитетите: Велешко Кале Велес, Кале село Стари Град, Градиште Крст Горна Клисура село Оморани, Марково Кале село Теово, Кале Завој село Гостиражни, Ѓоноец село Ораов Дол и Горни Соколец село Габровник.

Во оваа насока се чини дека Пајонците од Аксиј и Пелагонците биле попитоми и покооперативни, за разлика од Пајонците од долината на Астибос. Доказ за отпорот на Источните Пајонци и аналогно демонстрацијата на воената сила од страна на Филип V и Персеј, евидентиравме токму во таа насока. Поаѓајќи од Демир Капија, по планинскиот срт на Конечка Планина, веројатно уште Филип V оформил најмалку две воени утврдувања: веќе споменатите фортификации на локалитетот Кале на Бели рид село Калањево, и второто, на Кале Антени село Лесковица. Во таа насока идентификувавме силен антигонидски воен кастел на локалитетот Цитате кај селото Шеоба, на 4.5 километри југозападно под ридестото пајонско гратче на локалитетот Големо Кале село Пухче, поставен на самиот срт на Серта.

Во северозападното продолжение на Серта се наоѓале пајонските градчиња на локалитетите Перчи Кулбаши село Аџи Реџепли, Градиште Веледрица кај село Драгоево, кои што биле контролирани директно со војската на Персеј сместена во нивните акрополи.

Долината на Астибос од Стоби до градот Астибос (Штип) била прастара комуникација. Но како што евидентиравме, Антигонидите и на овој патен коридор му посветиле стратегиско внимание. Имено, патната контрола била обезбедувана најнапред од кастелот на Вршник Плоча село Цидимирци, на левиот брег на Аксиј веднаш отспротива Стоби, потоа од кастелот на локалитетот Кале Кара Таш село Убого, потоа од големиот град на локалитетот Исар, село Црешка. Потоа следи Градиште село Јамуларци на ридот отспротива утоката на Светиниколска река во Астибос. Но и од кастелите на локалитетите Кале и Тиса село Скандалци на левиот брег на Астибос, како и на локалитетите Долно Кале село Богословец на десниот брег на Астибос. Потоа од акропулата на анонимниот антички град на локалитетот Исар село Аџи Амзали, КО Едеклерци, што бил оддалечен околу 4 километри југозападно од коритото на Астибос.

Во овој контекст значајно е да се спомене дека Филип V и Персеј или ги сместувале воените единици во акрополите на пајонските градови и гратчиња, или оформувале воени бази и кастели во нивна близина, ориентирани за контрола на патните правци и коридори.

Слична била состојбата на јужниот дел од пајонското Овче Поле. Македонската војска која што напредувала долж споменатиот долен тек на Астибос а потоа по долниот тек на Светиниколска Река излегла во Овче Поле. Регистриравме значаен антигонидски кастел на локалитетот Кула село Ќоселери со монета на Персеј. Веројатно кралот Филип V ја оформил силната воена база на локалитетот Градиште кај село Делисинци за контрола на овој дел од Пајонија и патот кон градот Астибос.

Останува за решавање проблемот на пајонскиот град на локалитетот Градиште, Криви Дол, каде што се откриени монети на македонските кралеви: Александар I (1), Филип II (2), Александар III (2), Филип V (1), монети на Пела, Амфипол, автономна Македонија под Филип V и Персеј,[189] и Персеј (4).[190] Очигледен е интересот на македонските кралеви за овој локалитет. Дали држи претпоставката дека можеби се работи за перманентна македонска воена база за контрола на горниот дел од долината на Астибос, или можеби интересот на кралевите бил насочен кон златните и сребрените рудници во притоките (Злетовица) и горниот тек на Брегалница (Пекљани).

Патната комуникација од Амфакситида преку Добер (Валандово) до Астрајон (Струмица) ја контролирале антигонидските кастели на локалитетите Вестерно село Раброво, Василица село Костурино и Падарница село Куклиш.

Според прелиминарната опсервација на наведените патни комуникации и антигонидските фортификациски пунктови, можеме во овој момент да дискутираме во хронолошки смисол, за најмалку две фази во анектирањето и контролата на античкото кралство Пајонија и неговото административно конвертирање во македонска област наречена стратегија Пајонија.

Квантитативно монетите на Персеј на територијата на македонската стратегија Пајонија ги надминуваат монетите на Филип V во приближен размер 2:1.[191] Филип V бил принуден да го стабилизира северот на Пајонија, од каде на пример уште во 279 година пред н.е. продреле Галите, но и од каде уште во текот на IV и III век константно продирале Дарданците. Меѓутоа, неговото внимание сериозно се концентрира и на западот на Македонија, кон Јонското море, од каде агресивно настапувале римските легии. Токму монетите укажуваат дека Филип V ги оформил првите стратегиските бази и кастели, но неговиот син Персеј, освен што ги одржувал кастелите и базите што ги оформил неговиот татко, оформувал и нови фортификации. Зголеменото присуство на монетите на Персеј во македонската стратегија Пајонија се должи повторно на будноста и подготвеноста на македонската војска за одбрана од римските сојузници Дарданците, при што тој самиот лично доаѓа со војската, како што забележал преку анализата на нумизматичките наоди и Н. Шелдаров.[192]

Претставените нумизматички наоди како и остатоците на антигонидските воени бази и кастели во Пајонија укажуваат на нивна концентрација пред сè по долината на реката Аксиј (Вардар), потоа во долниот тек на долината на реката Астибос (Брегалница), како и во долините на реките Еригон (Црна Река) и Бабуна, што значи претежно

[189] Шелдаров Н., 2003, броеви: 68, 18, 136, 348, 399, 403, 466, 475, 571, 647.

[190] Шелдаров Н., 2013, броеви: 50, 174, 201, 210.

[191] Уште П. Јосифовски констатираше дека овој сооднос за територијата на Р. Македонија изнесува: Филип V : Персеј 1:1.5, види: Јосифовски П., 2017, 40.

[192] Шелдаров Н., 2013, 31-32.

во западниот дел на Пајонија. Антигонидските военостратегиски бази и кастели ги нема, не се регистрирани во средниот и горниот тек на реката Астибос (Брегалница). Претпоставувам дека главната причина за ваквата појава се патните коридори и правци по кои навлегувале Дарданците од север во македонска Пајонија.

## КРАТЕНКИ

*AJA* – American Journal of Archaeology
*APA* – American Philological Association
*BAL* – Boletino di Archeologia on Line, Roma
*ГЗФФСк* – Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје
*MAA* – Macedonia Acta Archaeologica, зборник трудови на Македонското археолошко научно друштво
*МН* – Македонско Наследство, Скопје
*FAB* – Folia Archaeologica Balcanica, Faculty of Philosophy Skopje
*SASA* – Serbian Academy of Sciences and Arts, Belgrade
*ССС* – Студии за старините во Стоби
*TFAR* – Texas Foundation for Archaeological and Historical Research, Houston Texas
*TIR* – Tabula Imperii Romani, Ljubljana 1976.

## ЛИТЕРАТУРА

Angelovski B., Spasova D., Stančevski I., Denkovski K, 2017: Archaeological research at the Drma-Bader site (excavation 2014 and 2016), Arheološki informator, vol 1, Academic Journal of Archaeology, publisher NGO Menelaj, Prilep 2017, 47-52.

Ангеловски Б., Спасова Д., 2018: Археолошкиот локалитет „Дрма“ – Бадер и проблемот на убикацијата на Бадеријана, Balcanoslavica no 47, Prilep 2018, 45-54.

Bitrak, S., Sekunda N. V., 2015: Excavation Coins and Stray Finds ancient, Coins from Excavations at Negotino Gradište 2009-2011, The Numismatic Chronicle, Vol 175, published by: Royal Numismatic Society, London 2015, 345-356, Plates 50-54.

Bitrak, S., Brillowski W., Sekunda N. V., 2017: Excavation Coins and Stray Finds ancient, Coins from Excavations at Negotino Gradište 2012, The Numismatic Chronicle, Vol 177, published by: Royal Numismatic Society, London 2017, 481-493, Plates 55-63.

Bitrak, S., Brillowski W., Sekunda N. V., 2018: Excavation Coins and Stray Finds ancient, Coins from Excavations at Negotino Gradište 2013-2017, The Numismatic Chronicle, Vol 178, published by: Royal Numismatic Society, London 2018, 389-398, Plates 47-52.

Blaževska S., Pavlovski G., 2008: The Recent Discoveries at Gloska Čuka, R. of Macedonia, BAL, International Congress of Classical Archaeology, Meetings between cultures in the ancient Mediterranean, volume special, Roma 2008, 1-15.

Блажевска С., Павловски Г., 2018: Погребувања од хеленистичкиот период во Стоби, ССС, Том IV, Стоби 2018, 12-36.

Видевски З., 2004: Доцнобронзена некропола Димов Гроб – Уланци, магистерски труд, Филозофски факултет Скопје, Скопје 2004.

Винчиќ Ж, и коавтори, 1996: 2 Богородица, Кофилак – Богородички Даб, во: АКРМ Том II, МАНУ, Скопје 1996, 95.

Винчиќ Ж., Ивановски М., 1996: 21. Смоквица, Туфка, во: АКРМ Том II, МАНУ, Скопје 1996, 105.

Wiseman J. and Mano-Zissi Dj, Oct. 1972: Excavation at Stobi, 1971, AJA, Vol. 76, no. 4, October 1972, 407-424.

Gaebler H., 1906 / 1935: Die Antike Münzen von Makedonia und Paeonia, Berlin 1906, 1935.

Георгиев З., 1990/1991.Три предримски населби крај Пчиња, Годишен зборник на Филозофски факултет, бр. 17-18, Скопје 1990/1991, 91-103, планови I-III, сл. 1-7.

Здравковски Д., 1996: Топот, во: АКРМ, том II, Скопје 1996, 84.

Донев Д., 2018: Градот Аргос на реката Вардар: први резултати од рекогносцирањето на керамичкиот покривач, Патримониум, год. 11, бр. 16, Скопје 2018, 51-78.

Донев Д., 2020: Периметралните ѕидови на локалитетот Видин Град, кај село Водоврати, Патримониум, год. 13, бр. 18, Скопје 2020, 345-378.

Јовановска Б., 2014: Циркулација на монетите во античкиот град Стоби, Скопје 2014, 1-263, Т. I-XI (магистерски труд одбранет на Филозофскиот факултет Скопје во 2014 година).

Јовчевска Т., 2008: Кале Енеолитска куќа, ЛУ Народен музеј Велес, Велес 2008, 1-69, Т. I-XII.

Јосифовски П., 1994: Збирен наод од 13 монети од локалитетот Кале Башино Село, Велес, *МНГ* 1, 57-62.

Јосифовски П., 2017: Монетите и нивната циркулација на територијата на Р. Македонија во римскиот републикански период, докторска дисертација, Универзитет Св.Кирил и Методиј-Скопје, Филозофски факултет Скопје, Институт за историја на уметност и археологија, Скопје 2017 1-315, Т. 1-58, 6 карти.

Лилчиќ (Адамс) В., 1988-1989: Доцнежноантичките тврдини во Тиквеш и Витачево, ГЗФФ, бр. 15-16 (41-42), Скопје 1988-89, 115-136 (резиме: Le lieux fortifiés a Tikves et Vitacevo de la Basse Antiquité, 129-130).

Лилчиќ-Адамс В., 1991. Нови наоди од доцноантичките крајпатни кастели кај Рогле Свиларе, Сопот (ad Cephalon) и Фариш, Историја 1988/89/XXVI-XXV/бр. 1-4, Скопје 1991, 145-154, + Т. I-XII.

Лилчиќ (Адамс) В., Станчевски И., 1992: Топографија на доцноантичкиот кастел Стража кај Фариш, ŽA бр. 41-42, Скопје 1992, 109-114, (резиме: Topography of the Late Antique Castle „ Straža" near the Village of Farish along the Way Eu(da)ristus – Ceramiae, 112).

Лилчиќ (Адамс) В., 2001: Македонскиот камен за боговите, христијаните и за живот по животот, МЦ, Скопје 2001.

Lilchikj (Adams) V., 2006/1: Weg Audarist – Neapolis, Folia Archaeologica Balcanica (FAB), no 1, посветен на професор акад. В. Битракова Грозданова, Филозофски факултет – Скопје, Институт за историја на уметност и археологија, Оддел за археологија, Скопје 2006, 185-203.

Лилчиќ (Адамс) В., 2006/2: Патот Аударист – Неапол, MH/MH, бр 29, Skopje 2006, 48-68.

Lilchikj (Adams) V., 2006/3: the Road Audaristus - Neapolis, MH/MH, бр 29, Skopje 2006, 48-68.

Лилчиќ (Адамс) В., 2008: Три тврдини на македонските кралеви во Демир Капија, МН бр. 33, Скопје 2008, 2-26.

Лилчиќ В., 2009/1: Линкестида и Девриоп, издавач: Македонска Цивилизација Скопје, Скопје 2009, 1-232.

Lilcik (Adams), V. 2009/2:Perseus "in Ripa Fluminis Axii posuit Castra" (T. Livy, XLIV. 26.2-12), HISTRIA ANTIQUA, Sv./Vol. 18/1, Pula 2009, 467-472.

Lilcik (Adams) V., 2010: A Hypothesis on the Identification of the Site of Paeonian City of Almana, MC no. 36-37, Skopje 2010, 23-28.

Lilchikj (Adams), V., 2011: Macedonian region Strategia Paeonia, MH no 38-39, Skopje 2010, 15-71.

Lilchikj Adams V., Shirtovski I., Atanasovski V., Simonovski V., Adzievski F., 2016: Ancient Kingdom of Macedonia and the Republic of Macedonia, Cultural Heritage Protection Office, Skopje 2016, 1-86.

Lilčić Adams V., 2018: Fanula Papazoglu's Research and the City of Pelagonia in the Light of Recent Discoveries, paper from the Professor Fanula Papazoglu Centenary Symposium, in: Students and

colleagues for Professor Fanoula Papazoglou, international conference Belgrade, October 17-18,2017, SASA, Scientific conferences, Vol. CLXXIII, Book 40, Belgrade 2018, 53-77.

Лилчиќ Адамс В., 2019:Скупи и античката цивилизација на Скопско, во студијата: Скопје осум милениуми живот, култура, творештво, Филозофски факултет Скопје, Скопје 2019.

Lilčić Adams, V., 2021.T. Livii, Ab Urbe Condita XXXI. 28. 5 (Angustias Quae Ad Pelagoniam Sunt Mittit); XXXI. 22. 2-4 (Faucibus Ad Pelagoniam); XXXI. 34. 6 (Quod In Faucibus Pelagoniae Erat), Science and Society, Contribution of Humanities and social sciences, Proceedings of the International Conference on the occasion of the centennial anniversary of the Faculty of, SS. Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Philosophy, Skopje 2021, 137-157.

Lilchikj Adams V., 2021-2022: Search for the ancient city of Almana Perseus "Ad Almanam urbem pervenit et in ripa fluminis Axi posuit castra" (T. Livy, XLIV. 26. 8), предадено за печатење во: Thracia Balcanica, издавач ДИОС, Балкански институт за тракологија, Софија.

Lilchikj Adams, V., Jakimovski A., Ilievski, A., Shirtovski, I., Treneski G. 2022: Macedonian Kings Philip V and Perseus, concentrate army in the valley of Axius, between Veles and Skopje, Skopje 2022, forthcoming.

MacKay P. A., 1968: Bronze Coinage in Macedonia 168-166 B.C., Museum Notes, New York 1968.

Mikulčić I., 1966, Pelagonija u svetlosti arheoloskih nalaza, Skopje 1966, 1-96, T. I-XXIX.

Микулчиќ И., 1975.: Топографија на Еу(да)рист, МАА бр. 1, Прилеп 1975.

Микулчиќ И., 1976.: Убикација на Билазора, ГЗФФ Скопје, бр. 2 (28), Скопје 1976, 149-164, сл. 1-13.

Mikulčić I., 1976/2: Gradec, во: TIR, Ljubljana 1976, 59.

Микулчиќ И., 1982.: Хеленистички тврдини во Демир Капија и Бабуна, Зборник на ФЗФ Скопје, кн. 34, Скопје 1982, 127-143.

Микулчиќ И., 1984.: Проблемот на Антигонеја, Зборник на ФЗФ Скопје, кн. 11(37), Скопје 1984.

Микулчиќ, И.: 1985/1: Средновековен град Велес, ГЗФФ кн 12(38), Скопје 1985, 82-100.

Микулчиќ, И.: 1985/2: Стоби во предримско време, ГЗФФ кн 12(38), Скопје 1985, 101-117.

Микулчиќ И., 1987: Градот Чрешче, ГЗФФСкопје, Том 40, Скопје 1987, 101-123.

Микулчиќ И., 1988-1989: Топографија на Стенае – Просек – Демир Капија, Зборник на ФЗФ том 41-42, Скопје 1988-1989, 65-88.

Микулчиќ И., 1999: Антички градови во Македонија, Макропроект „Историја на културата на Македонија", кн. 8, МАНУ, Скопје 1999, 1-455, слики 1-282, карти 1-2.

Mikulčić, I. 2002: Spätantike und frühbyzantinische befestigungen in Nordmakedonien, München 2002, 1-508.

Митревски Д., 2001, Старомакедонскиот град на Вардарски Рид, Музеј на Македонија, Скопје 2001, 1-60.

Митревски Д., и коавтори, 2005: Вардарски Рид, Том I, издавачи Фондација Вардарски Рид Скопје & Институт за историја на уметност и археологија ФЗФ Скопје, Скопје 2005, 1-413.

Митревски Д., 2015.Скопско Кале, кн. 1, Од Праисторија до раната антика, Менора, Скопје 2015, 1-213, Т. I-CVII.

Митревски Д., 2016/1:Скопската тврдина Кале од праисторија до раната антика, ПНВ публикации, Скопје 2016, 1-175, планови 1-13, табли. I-CVII.

Mitrevski, D. 2016/2: Античка Билазора престолнина на независните Пајонци, Ancient Bylazora the capital of independent Paeonians, editors: National museum Sveti Nikole & International University "G. R. Derzhavin" – Sveti Nikole, Sveti Nikole 2016, 1-74.

Митревски Д., 2017/2018: Владетелскиот комплекс во Билазора, Monumenta бр. 2-3, MANU, Skopje 2017/2018, 7-25, Сл. 1-33.

Mitrevski, D. 2018: The royal palace in Bylazora, BCH IV, Skopje 2018, 179-190, 194.

Neidinger W. & Matthews, E. 1994: Excavations at Ulanci, Publication of TFAR, Houston Texas 1994.

Neidinger W. & Matthews, E. 2008: The 2008 Excavation Bylazora Republic of Macedonia, Texas Foundation for Archaeological and Historical Research, Canyon Lake, Texas, September 2008, 1-20, www.tfahr.org/files/Bylazora_low-res_report.pdf; www.tfahr.org/files/bylazora2010.pdf.

Pavlovska E. 2008.: The Coins of Paeonia, Skopje 2008.

Папазоглу, Ф., 1957: Македонски градови у римско доба, Жива Антика, посебно издање књ. 1, Филозофски факултет Скопје, Скопје 1957, 1-379.

Papazoglu F., 1969:Srednjebalkanska plemena u predrimsko doba, Sarajevo 1969.
Папазоглу Ф., 1985, Населението на Охридската област во антиката, Лихнидскотот подрачје во времето на илирската држава, Дасаретија и Лихнид во времето на Римско-Македонските војни, во: Охрид и Охридско низ историјата, книга прва, Охрид / Скопје 1985, 70-100.
Papazoglu F., 1988: Les villes de Macédoine a l'époque Romaine, BCH, Supplément XVI, Athénes – Paris 1988.
Петров О., 2021: Градот-тврдина Просек и неговиот ареал во средниот век, докторска дисертација Филозофски факултет Скопје, Скопје 2021, 1-477, 1-20 планови, 1-9 цртежи, 1-130 фотографии, 1-69 табли со движен археолошки материјал
Petrova E., 1999: Paeonia in the 2nd and the 1st millenia BC, Skopje 1999, 1-255.
Радовановић, В. 1924: Тиквеш и Рајец, Београд 1924.
Ристов К., 2004: Утврдени пајонски населби во Долното Повардарје, Скопје 2004, 1-181, Т.: I-XXXII.
Рицл, М. 1988: Полибије, Историје I, Матица Српска, Београд 1988.
Robert T, Broughton S., 1951: The Magistrates of the Roman Republic, Vol. I, 509 B.C.-100 B.C., publ. by the APHA, New York 1951, 1-578.
Рујак З., 202 , Цареви Кули – Струмица од праисторијата до Римското Царство, Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Струмица, Струмица,
Senc S., 1919/1991: Grčko-hrvatski rječnik za škole, Zagreb 1910, reprint 1991.
Сламков Е.: Градишор–Мрамор, с. Милетково, Македонски археолошки преглед бр.1, 2008, 160-165.
Соколовска В., 1974: Светилиште на Диоскурите кај Демир Капија, ЖА том 24, 1-2, Скопје 1974, 267-278.
Sokolovska, V. 2009: Almana – Alavandovo – Valandovo, MH no 34-35, Skopje 2009, 61-66.
Соколовска В., 2011: Античкиот град на Исар-Марвинци, Валандово, Скопје 2011, 1-62, Т. I-III.
Соколовска В., 1914, Античка Демир Капија I, издавач Porta Archaeologica, Скопје 2014, 1-118.
Станчевски И., 1997: Доцномакедонски депозит од Гурбита, МХ бр. 3, Скопје 1997, 68-80.
Stanchevski, I. 1997: A late Macedonian deposit from Gurbita, MH no 3, Skopje 1997, 68-80.
Таневски, Д., 2019: Монетоковање во античка Македонија, V век пред н.е. – I век пред н.е., издавач Матица Македонска, Скопје 2019, 1-517.
Толевски И., 2016: Кастелото над реката Пчиња, изд. Магор, Скопје 2016, 1-289.
Трифуноски Ј., 1952. Поречието на Кадина Река, Филозофски факултет на Универзитет Скопје, посебно издание кн. 3, Скопје 1952, 1-112, Т. I-IV, карта Г. Милески.
Трифуноски Ј., 1955. Скопско Поље, Српски етнографски зборник књ. LXIX, Београд 1955, I-IV садржај, 341-566, Т. I-XIV, карта.
Трифуноски Ј., 1964. Сеоска насеља Скопске Котлине, пети део, Скопје 1964, 1-124.
Trifunoski F. J., 1977: Oblast Babune I Topolke, Zbornik za narodni život I običaje Južnih Slavena, knj 47, JAZU, Zagreb 1977127-290, + Karta oblasti Babune i Topolke.
Hald, 2017: Auf den Trümmern Stobis, Stuttgart 1997.
Hammond, N. G. L. & Walbank, F. W. 1988: A History of Macedonia, Vol. III (336-167) B.C.), Oxford 1988.
Heuzey L., 1876: Mission archéologique de Macédoine, Paris 1876, 1-470, Pl. 1-34, cartes et plans A-H.
Хусеновски Б. 2004: Античките монети од Вардарски Рид, Том I, НУ Музеј Гевгелија, Гевгелија 2004, 1-116,
Хусеновски Б. 2005: Водич низ постојаната археолошка поставка „Вардарски Рид со околните наоѓалишта“, НУ Музеј Гевгелија, Гевгелија 2005, 1-113, + Мапа на регионот.
Шелдаров Н, Лилчиќ (Адамс) В., 1994: Кралевите на античкото кралство Македонија и нивните монети во Република Македонија, изд. МЦ, Скопје 1994, 1-270.
Šeldarov N., 1996: Hellenistic Coin Hoard from Isar-Marvinci, MNJ no 2, Skopje 1996, 41-43.
Шелдаров Н, 2003: Македонија и Пајонија, Колекција Шелдаров, издавач Народна банка на Република Македонија, Скопје 2003, 1-174.
Шелдаров Н, 2013: Бронзените монети на македонскиот крал Персеј, издавач Силсонс, Скопје 2013, 1-141.